МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе – Битола – Р. Македонија



Факултет за правни науки

Магистерски труд на тема:

СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Изработил:
Катерина Киклевска

Ментор:
доц. д-р Марија Гроздановска

Битола, 2020

ИЗЈАВА

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд ги почитував позитивните законски прописи на Република Северна Македонија од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди и соодветниот стил на цитирање. Изјавата ја давам под полна морална, материјална и кривична одговорност.

Изјавил/а:

Катерина Киклевска

_____

Апстракт

Семејното насилство е глобална појава која е присутна во сите општествени групи и претставува физичко, сексуално, психичко и економско насилство или закана дека ќе се извршат слични дејствија на некои од членовите во семејството. Насилството не е изолиран настан кој се случува еднаш, тука претставува низа на дејствија кои постојано се повторуваат.

Без разлика во кој облик на насилство се случува и врз кој член од семејството, семејното насилство структурално допринесува за дисфункционалноста на самото семејство, а посебно претставува опасност за развивање на пореметување во однесувањето на децата. Самиот факт дека децата ако се неми набљудувачи или се жртви на овој вид на насилство, покасно развиваат предиспозиции и тие самите да станат насилници. Со тоа, се внесуваат во маѓичниот круг на насилство.

Семејното насилство се сфаќа како дел од приватниот живот. Проблемот со семејното насилство опстанува заради негирање и молчење на повеќето членови на општеството, но и несистематски и неконзистентни пристапувања кон овој проблем од страна на релевантните државни институции. Еден од клучните проблеми е исто така недостатокот на податоци за бројот на случаи на семејно насилство, што потоа ќе послужат за подигнување на свеста на државните органи и потребата итно да се реши горе наведениот проблем.

Клучни зборови: општествена група, семејно насилство, жртва, деца, државни органи, свест.

Abstract

Family violence is a global occurrence present in every social groups and it is physical, sexual, psychological and economical violence or threat that similar action will be performed against some members of the family. The violence is not isolated event occurring only once, however it is a sequence of repeating acts.

No matter the kind of violence and member of the family, the family violence contributes for its dysfunctionality and it could be a danger for behavioral disorder in children. Children as silent observers or family violence victims develop predispositions and can become violent. Having that in mind, they include themselves in the magical circle of violence.

The family violence is understood as educational measure and part of a personal life. The problem with family violence exists because of its negation and silence of the members of the family, but also as a result of unsystematic and inconsistent approach toward this problem by the relevant institutions. Also, one of the key problems is the lack of gathered and available data for the number of cases of family violence that will serve for raising awareness of public bodies and the need for urgent solving of the previously stated problem.

Key word: social group, family violence, victim, children, state institution, consciousness.

Кратенки:

Република Северна Македонија РСМ

Министерство за внатрешни работи МВР

Организација на Обединетите Нации ООН

Совет на Европа СЕ

Европска Унија ЕУ

Програма за развој на Обединетите нации УНДП

Привремени мерки за заштита од семејно насилство ПМЗСН

Министерство за труд и социјална политика МТСП

Центар за социјална работа ЦСР

Меѓуопштински центар за социјална работа МЦСР

Министерство за внатрешни работи МВР

Сектор за внатрешни работи СВР

Полициска станица ПС

Основно јавно обвинителство ОЈО

Невладина организација НВО

Кривичен законик КЗ

Закон за кривична постапка ЗКП

Кривична пријава КП

Европска конвенција за човековите права ЕКЧП

Содржина:

Воведен дел

Вовед.....1

1. Научна и општествена оправданост на истражувањето.....2

2. Одредување на предметот и целта на истражувањето.....3

3. Хипотези.....3

4. Методологија на истражување.....3

Глава 1

1. Дефинирање на поимот семејство.....5

1.1. Историски развој на семејството.....6

2. Дефинирање на поимот семејно насилство.....8

2.1. Динамика на насилството.....10

Глава 2

1. Домашна правна рамка на семејното насилство.....11

2. Меѓународни документи за семејно насилство.....16

3. Институционална рамка на семејното насилство.....28

3.1. Министерство за труд и социјална политика.....29

3.2. Министерство за внатрешни работи.....30

3.3. Министерство за здравство.....31

3.4. Министерство за образование и наука.....31

3.5 Граѓанските организации.....31

Глава 3

1. Етиологија и теоретски основи на семејното насилство.....32

1.1. Социјални демографски фактори.....32

1.1.1. Возраст.....32

1.1.2. Примања.....33

1.1.3. Образование и занимање.....33

1.1.4. Националност.....33

1.1.5. Место на живеење.....34

1.1.6. Број на членови во семејството.....34

1.1.7. Останати индивидуални фактори.....35

1.2. Ситуациони и економски фактори.....36
1.2.1. Стрес.....36
1.2.2. Социјална изолација и социјална поддршка.....36
1.2.3. Меѓугенерациски пренос на семејното насилство.....36
1.2.4. Родова нееднаквост.....37
1.2.5. Културни фактори.....37

Глава 4

1. Феноменологија на семејното насилство.....38
1.1. Физичко насилство.....38
1.2. Психичко насилство.....39
1.3. Емоционално насилство.....41
1.4. Сексуално насилство.....42

Глава 5

1. Компаративно уредување на семејното насилство.....44
1.1. Семејното насилство во Р.Србија.....44
1.2. Семејното насилство во Р.Албанија.....48
1.3. Семејното насилство во БИХ.....50

Глава 6

1. Насилство врз деца.....52
1.1. Улогата на семејството во подигнување на детето.....54
2. Видови на насилство.....55
3. Сексуално насилство врз деца.....56
3.1. Дете - Жртва на семејно насилство.....57
3.1.1. Кружниот тек на насилството.....57
4. Анализа на статистичките податоци за малолетни жртви на семејното насилство.....57
5. Анализа на статистичките податоци на деца - жртви на сексуална злоупотреба.....58

Глава 7

1. Анализа на податоци за семејното насилство според Државниот завод за

статистика на Република Северна Македонија.....59
2. Анализа на статистички податоци за решени предмети од кривична материја во врска со семејно насилство во Апелациониот Суд во Битола.....76
3. Анализа на случај од праксата на Основниот Суд во Битола.....77
4. Анализирање на податоци од спроведена анкета.....80

Глава 8

1.Превенција на семејно насилство.....87

Заклучок.....90
Прилог 1 92
Прилог 2.....100
Користена литература.....102

Воведен дел

Вовед

Семејството е јадро на секое општество во кое се развива секое човечко суштество и притоа ги задоволува своите основните потреби, како и оние најважните, кои можат да се задоволат само во кругот на семејството.

Семејството е специфична биосоцијална заедница на луѓе и игра многу значајна улога во развојот на човекот, но и на општество. Во светски рамки семејството се дефинира како заедница на луѓе кои живеат во исто домаќинство и се меѓусебно поврзани со раѓање, брак или посвојување. Семејството е посредник помеѓу општеството и индивидуата и тоа извршува повеќе функции од која било друга социјална група. Семејството е основна човечката заедница и таа целосно влијае врз формирањето на личноста, но и врз семејството и неговото зачувување што всушност е од најголемо значење за секое општество.

Насилството е централен концепт за опишување на општествените односи меѓу луѓето, концепт натоварен со етичко и политичко значење. Сепак, што е насилство? Кои форми може да ги манифестира? Може ли човечкиот живот да биде изземен од насилство?

Семејното насилство е општествена појава што влијае врз животот на поединците и врз целото општество. Семејното насилство се смета за долготраен феномен и како социопатолошка појава претставува дел од нашите секојдневни животи. Моделот на неговото постоењето и опстанок се дел од патријархалните или традиционалните сфаќања за полот и семејни односи.

Истражувањата на семејно насилство од областа на криминологијата, социологијата и психологијата покале дека зголемувањето на насилството во општеството е директно поврзано со зголемувањето на семејното насилство; дека некое лице може да биде изложено на семејно насилство во текот на целиот свој живот; дека најчести жртви на семејно насилство се жени, деца и стари лица; дека семејното насилство е целно однесување за воспоставување моќ и / или контрола или задоволување на некои од потребите на насилникот на штета на жртвата; дека последиците од изложеноста на насилство се многубројни и значително влијаат врз менталното здравје на оние кои се директно изложени на насилство, но и на оние што го набудуваат; дека

семејното насилство е резултат на интерактивно дејствување на низа фактори, индивидуални и социјални и дека детското насилство придонесува за прибегнување кон насилство како начин за решавање на меѓучовечките конфликти на постари години.

Според тоа, семејното насилство претставува континуирана примена на физичка и психолошка сила врз членовите на семејството, притоа загрозувајќи ја безбедноста и довербата и воспоставувајќи контрола и моќ над членовите на семејството, без разлика на однесувањето.

1. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научна цел

Научната цел на трудот е да ја збогати научната мисла со податоци за семејното насилство кои ќе послужат како основа за многу понатамошни истражувања.

Општествена цел

Општественат цел на овој труд е што повеќе да се допре до луѓето, да се обезбедат доволно информации за да можат самите свесно да ја сфатат сериозноста на семејното насилство. Потоа, да се олесни работата на институциите кои се занимаваат со превенцијата и сузбивањето на семејното насилиство. Општествената цел на овој магистерски труд е и да овозможи поедноставно и полесно запознавање со кривичните дела од областа на семејното насилство и на тој начин да помогне за нивна поуспешна превенција и сузбивање.

2. Одредување на предметот и целта на истражувањето

Определувањето на предметот на истражување на овој магистерски труд ги опфаќа причините, факторите, учесниците, мотивите, интересите, целите и активностите во рамките на семејното насилство.

Дефинирањето на семејното насилство, карактеристиките, причините за појава, појавните облици и развојот во други држави ќе бидат предмет на истражување во овој магистерски труд.

Семејното насилство е доста голема и обемна материја. Станува збор за еден глобален проблем кој ги опфаќа најчесто жените и децата и се појавува во различни форми.

Целта на истражувањето е да се проучува семејното насилство како еден комплексен и сериозен облик на насилство кој ја нема заобиколено и нашата држава и на тој начин да се обезбедат релеванти податоци и заклучоци кои ќе овозможат поуспешна и поефикасна борба со семејното насилство во иднина.

3. Хипотези

Генерална хипотеза

Насилството во семејството е сериозен општествен проблем, кој манифестира тешки последици врз жртвите.

Поединечни хипотези

1. Најчест облик на семејно насилство е физичкото насилство.
2. Како сторители на семејното насилство најмногу се среќаваат мажите.
3. Децата учат да бидат насилници со растење во семејно насилство.

4. Методологија на истражувањето

При изработката на овој магистерски труд се користени повеќе методи меѓу кои: компарација, анализа, синтеза, индукција, дедукција.

Истражувањето во рамките на овој труд е реализирано со помош анализа на судски предмет од областа на семејното насилство. За таа цел е направена

целосна анализа на судски предмет кој се однесува на семејно насилство од моментот на поднесување на пријава на оштетеното лице, па се целосно разрешување на случајот, односно до донесувањето на судската пресуда.

Потоа, за подобро и подетално анализирање на темата спроведена е анкета која е составена од 10 прашања на македонски јазик кои се однесуваат на семејното насилство. Анкетата се одговараше во електронска форма. Во истата беа опфатени 53 испитаници.

Глава 1

1. Дефинирање на поимот семејство

Семејството претставува една од најстарите групи во општеството. Тоа е основа од која се развиваат посложените општествени заедници. Семејството својот процес го започнува со стапување во брак на еден маж и една жена.

Групирањето на луѓето се темели врз три основни елементи:

- Биолошки,
- Биосоцијални и
- Социјални.

Биолошкиот елемент значи развивање на односи меѓу двата пола, со што се обезбедува репродукција на човештвото. Биосоцијалниот елемент ги претставува сродствените односи во рамките на семејството. Социјалните елементи ги опфаќаат различните општествени односи во семејството, како и процесите кои се однесуваат на обезбедување на егзистенција, чување, воспитување и подигнување на децата, со цел да се формира нивна социјална егзистенција во самото општество.[1]

Семејството е заедница која што има има повеќе функции, како што се репродуктивна, општествена, воспитна и социјална улога.[2]

Семејството е институција која постои откако постои светот и отсекогаш било предмет на изучување на различни научни дисциплини како што се: психологијата, социологијата, историјата, медицината, но особен интерес покажува и правото во изучувањето на семејството како посебен институт чии што односи се регулирани од страна на државата.[3]

Динамичноста претставува доминантна карактеристика на семејството и преку неа може да се објасни сложеноста која произлегува од семејството. Преку формирањето на семејство се создаваат многубројни роднински односи преку кои се навлегува длабоко во општеството.

Семејството може да биде:

- Брачно и вонрачно семејство. Брачното семејство настанува со раѓање на децата за време кога родителите се во брак, а вонбрачното кога

---

[1] Чокревски, Т. Социологија на правото (Општетство и право), Скопје, 1996

[2] Арнаудовски, Љ. Криминологија, 2 Август С Штип, 2007

[3] Василев- Вардарски, Х. Семејно право- второ изменето и дополнето издание-Култура Скопје, 1980

родителите не се во брак и живеат во вонбрачна заедница. Брачното семејство има траен карактер и е составено од родителите и нивните деца, а вонбрачното семејство најчесто е нецелосно и се состои од мајката и нејзиното дете. Бракот е правно регулиран, но на вонбрачната заедница не и се дава важност и потполно се игнорира.

- Семејство по посвојување и семејство по сватовство. Семејството по посвојување се заснова по правен пат со започнување на постапка за посвојување на дете. Откако ќе се спроведе постапката, детето заснова семејство со своите посвоители. Овој вид на семејство во нашето законодавство се изедначува со семејството во однос на децата кои се родени од природните родители. Додека пак, семејството по сватовство се основа со стапување во брак меѓу едниот брачен другар и роднините на другиот брачен другар, па така на овој начин секој брачен другар влегува во семејството на другиот брачен другар.
- Семејство во потесна смисла и семејство во поширока смисла. Првиот вид на семејство е дел од помодерниот начин на живот и тоа се состои од родителите и нивните деца. Вториот вид на семејство се состои од родителите, синовите и ќерките заедно со нивните семејства.

1.1. Историски развиток на семејството

Историскиот развиток на семејството ги содржи првичните форми на семејство од старото време, па се до модерниот начин на групирање на луѓето во семејство.

Историскиот развиток на семејството се одвивал низ неколку фази и тоа:

- Промискуитет. Луѓето во овој период живееле во хорди и функционирале без забрана за полово општење меѓу мажите и жените. Станувало збор за нерегулирани полови односи во една заедница. Тука, жените му припаѓале на сите мажи и стапувале во сексуални односи со нив без ограничување. Ваквото првобитно општество е дел од дивјаштвото и е најпримитивната фаза од самото општество.
- Крвно сродничко семејство. Во овој период започнало регулирањето на половото општење меѓу луѓето. Една група на жени општеле со друга

група на мажи и се сметало дека на тој начин двете групи се во брак. Овој вид на семејство ги претставувал почетоците на групното семејство. Децата немале конкретни родители и и припаѓале на целата група, таткото не можел да се знае, па сродството се сметало само по мајчинската линија. Забрането било општење меѓу родителите и децата.

- Семејство пуналуа. Зборот пуналуа произлегува од хавајски збор кој значи пријател или другар. Ваквиот вид на семејство настанал со распаѓањето на крвносродничкото семејство. Големите групи кои претходно ги споменавме се распаднале, по што се формирале помали групи и сето тоа настанало со цел полесно наоѓање на нови извори за храна, но и полесно наоѓање на место за живеење. Доста битна измена била престанокот на половото општење меѓу браќата и сестрите, како и меѓу братучедите.
- Матријархат. Матријархатот ја преставувал превласта на жената. Бидејќи родниниte на децата се сметале само по мајката, се забранувале полови односи меѓу родниниte по мајчината линија. Главна била улогата на мајката, таткото не се сметал за роднина и децата и припаѓале само на мајката.
- Синдијазмичко семејство. Синдијазмичкото семејство претставува семејство на парови. Мажот живеел само со една жена, но повремено имал односи и со други жени и на тој начин се овозможувала поголема слобода со жената со која е во брак. Жената не смеела за време на таквиот вид на брак полово да општи со други мажи, бидејќи за тоа следела казна од својот род. Сеуште родниниte се сметале по линијата на мајката. Бракот можел да се раскине по волја на мажот и жената, значи тука се среќаваме со еднаквост меѓу двата пола.
- Патријархат. Постепеното припитомување на животните, изработувањето на орудијата довело до зголемување на улогата на мажот и тој имал доминантна улога во семејството. Жената се сметала како машина за раѓање на деца, како единствена обврска, покрај обврските во домот. Родниниte се сметале само по страната на мажот и ваквата појава довела до исчезнување на матријархот.
- Моногамно семејство. Овој вид на семејство претставува брачна заедница која се состои од еден маж и една жена, каде точно се утврдени

родителите на децата, без оспорување на татковството. Моногамното семејство е дел од современото индустриско општество.[4]

2. Дефинирање на поимот семејно насилство

Основната клетка во општеството е семејството. Тоа треба да биде пристаниште каде луѓето ќе пронајдат поткрепа и засолниште од секојдневието во надворешниот свет. Но, за жал, наместо да владее хармонија, мир и љубов во некои семејства се случува сосема спротивното. Се формира една оаза на насилство, се воспоставува брутално потчинување на послабите. Станува збор за нарушени семејни односи, нефункционално и дезорганизирано семејство.[5]

Семејното насилство не е нова појава и најверојатно неговите корени датираат многу одамна. Истражувањата и искуствата покажале дека семејството има две острици и тоа од една страна е емоционално, социјално, материјално место на неговите членови и од друга страна може да биде насилно опкружување во кое брутално се повредуваат членовите меѓусебе.[6]

Поимот семејно насилство се појавува околу XX век. Претставува табу тема и приватна работа која се случува зад вратите на домот.[7]

Семејното насилство се поврзува со патријахалноста во општеството. Поради високиот степен на прифатеноста на традиционалните вредности во бракот и семејството се појавува семејното насилство и во нашата земја.

Семејното насилство може да настане помеѓу брачните другари, да се врши над децата или постарите членови во семејството.

Семејното насилство се дефинира како загрозување и повредување на членовите на семејството со примена на физичка и психичка сила, со цел воспоставување на контрола над семејството.[8]

Семејното насилство во Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и спречување на насилството врз жените и семејното насилство се

---

4 Спировиќ-Трпеноска, Љ. Семејно право (второ издание), Скопје, 2004

5 Separovic, Z. Viktimologija – studije o zrtvama, Praven fakultet, Zagreb, 1985

6 Достапно на http://semejnonasilstvo.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/ (21.12.2019)

7 Талевска, А. Правното уредување на семејното насилство во РСМ, 2013

8 Костановиќ-Вилиќ, С. Николиќ-Ристановиќ, В. Костиќ, М. Криминологија, Белград, 2010

дефинира како физички, сексуален, психолошки или економски акт на насилство меѓу членовите во едно семејство.[9]

Насилничкото однесување се пренесува во рамките на семејството и тоа зависи од насилството кое било манифестирано од минатите генерации. Тука се надоврзува хипотезата дека насилството раѓа насилници. Оваа хипотеза се потврдува бидејќи најмладите се директни учесници во семејното насилство.[10]

Насилство е секое дејствие со кое насилникот нанесува физичка повреда, смрт, психичка штета, депривација со помош на физичка сила и закана кон жртвата.[11]

Професорот Џорџе Игнатовиќ своето гледиште за насилниот криминалитет го претставува на два начина: првиот е традиционален и тука спаѓаат убиствата и силувањата и вториот го наведува како нов начин за вршење на насилство и тоа е семејното насилство.[12]

Брачните врски се извор на семејно насилство.[13]

Заради неостварување на основните функции и нивната содржина во семејството се појавуваат многу видови на насилство кај некои од членовите во семејството. Во овој вид на насилство се појавуваат многу проблеми, затоа што насилството се случува во средина која е основана врз љубов. Семејното насилство се случува меѓу членовите кои треба да бидат пример за љубов, слога, разбирање, приврзаност, грижа еден за друг. Овој поим во себе ги опфаќа кривичните дела против животот и телото, достоинството, честа, слободите, моралот, правата, попречување на јавниот ред, мир, поредок, насилство, тероризам. Семејното насилство е олицетворение на проблемите на членовите од семејството и нивниот придонес во вршењето на насилството. Бројката на сторени дела од областа на семејното насилство е многу голема, затоа што станува збор за појава која се среќава во еден затворен круг на луѓе, насилникот го срами своето семејство, ги нарушува угледот, честа. [14] Од тие причини што семејното насилство се случува во затворена група во која луѓето

---

9 Член 3 став б од Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и спречување на насилството врз жените и семејното насилство 11.5.2011 година

10 Талевска, А. Правното уредување на семејното насилство во РСМ, 2013

11 Достапно на http://www.ozs.org.mk/nasilstvo/ (28.12.2019)

12 Игнатович, Џ. Криминологија, шесто изменето и дополнето издание, (Службен весник Белград, 2005 година)

13 Gelles, J. Richard ,,Family Violence`` in ,,The Handbook of Crime and Punishment`` ed. Torny Michael, Ohford University Press, 1998

14 Арнаудовски, Љ. Криминологија, Скопје, 2007

би требало да се поврзани и да функционираат врз база на љубов, почит и разбирање произлегува и големата темна бројка на сторени, но никогаш не пресудени дела на семејно насилство. Во голем број случаи жртвите не ги пријавуваат овие дела од различни причини, а и во дел од пријавените случаи нема конечна разрешница и соодветна санкција за сторителите.

2.1. Динамика на насилството

Во поглед на динамиката на семејното насилство може да се забележи дека постојат три фази во развојот на насилството:

1. Зголемување на тензијата,
2. Стадиум на активно насилство и
3. Стадиум на меден месец.

Првата фаза се состои од постојана фрустрација, љубомора, зголемување на тензијата меѓу членовите во семејството, не признавање на страв и насилство.

Втората фаза претставува најтешката фаза. Тогаш насилството е на највисоко и најризично ниво. Постои често контактирање на полицијата од страна на жртвата и насилникот, а главна цел на жртвата е да го преживее периодот.

Третата фаза е кога насилникот почнува да се кае за своите постапки, ветување дека тоа нема да се повтори. Жртвата во оваа фаза е најранлива, бидејќи верува на ветувањата од насилникот и не е подготвена за насилнички акт. Најчесто насилникот врши поврат, ќе започне да ги повторува своите дејствија и тие ќе бидат уште побрутални.

Глава 2

1. Домашната правна рамка на семејното насилство

Правната рамка на семејното насилство се состои од одредби и членови кои се однесуваат на семејното насилство, а се содржани во Уставот на РСМ, закони, подзаконски акти, ратификувани меѓународни документи.

Уставот на РСМ ја претставува нашата држава како самостојна, суверена, демократска, социјална држава и истиот ги заштитува и ги гарантира правата на нејзините граѓани. Според Уставот на РСМ граѓаните се заштитени и еднакви според слободите и правата. Животот на човекот е неприкосновен, забранет е секој облик на тортура, измачување, понижување. Овој член е доста важен за нашата тема, бидејќи семејното насилство е дејствие кое го повредува телото на жртвата, нејзиниот живот, слобода, морал. Слободата е заштитена како неприкосновена. Сите луѓе се еднакви без разлика на боја на кожа, раса, пол, социјално и национално потекло, општествена положба, политичка определеност. Според членот 40 од Уставот на РСМ посебно е нагласена заштитата на мајките и нивните деца, затоа што спаѓаат во категорија на ранливи лица.[15]

Законот за семејство во членот 94-б го дефинирал семејното насилство како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,
- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството,
- браќа и сестри, полубраќа и полусестри,
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и
- лица - членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

[15] Устав на РСМ (“Службен весник на РМ “ бр. 08-4642/1 од 17.11.1991г., 08-44/1 од 06.01.1992г., 07-2717/1 од 01.07.1998г., 07-3795/1 од 16.11.2001г., 07- 4542/1 од 07.12.2005г., 07 - 2055/1 од 12.05.2011г., 08-184/1 од 11.01.2019г.

Под блиски лични односи се подразбираат лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница.

Жртва на семејно насилство може да биде кое било лице од членот 94-б без оглед на пол и возраст.

Извршител на семејно насилство може да биде кое било лице од членот 94-б.[16]

Во Законот за превенција, заштита и спречување од семејно насилство се опфатени мерки кои се однесуваат на почитување на основните права и слободи на човекот, животот, интегритетот, забрана за дискриминација, родова еднаквост, превенција и заштита на жртвата на семејното насилство. [17] Под семејно насилство согласно овој закон се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не. Законот претставува новина која мора да обезбеди заштита што ќе биде ефикасна во однос на жртвите и кој ќе ги координира институциите да соработуваат. Со овој закон семејното насилство ги опфаќа физичките повреди, малтретирањата, навредите, психолошкото и економското насилство од страна на едно лице кон својот брачен другар, дете, родител, вонбрачен другар, без разлика дали се наоѓаат во исто живеалиште. Сторителот е лице коешто ги врши овие дејствија, а жртвата е лице кое ги трпи насилните дејствија. Законот има неколку делови кои ги презентираат превенцијата и заштитата од семејното насилство. Според законот, жртвата има право на придружба која што може да ја придружува за време на постапката пред судовите, со што се обезбедува поголема сигурност. Секој граѓанин има обврска, доколку постои

[16] Закон за семејство ("Службен весник на РМ " бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006 и 84/2008) пречистен текст 2008 г. чл. 94-б

[17] Закон за превенција, заштита и спречување од семејно насилство ("Службен весник на РМ " бр. 138/2014) чл.2, чл.3.

сомневање за семејно насилство, истото да го пријави пред надлежните органи, но, постои и одредба со која се наведува дека службените лица ќе бидат казнети ако не пријават семејно насилство. Како позитивна промена за нашето законодавство е одредбата во која е наведено дека како привремена мерка може да се изрече и отстранување на насилникот од домот, со цел да се оствари поголема заштита на жртвите. [18]

Со воведените измени во 2004 година на Кривичниот законик на РСМ за првпат се дефинира семејното насилство. Според КЗ на РСМ семејното насилство се дефинира во членот 122 став 21 како физичко, телесно, полово, психичко загрозување, влевање на страв кон брачен другар, вонбрачен партнер, дете, родители или други лица со кои насилникот е во близок однос.[19] Но, во нашиот Кривичен законик семејното насилство не е уредено како посебно кривично дело, туку е вклучено во рамките на постојните кривични дела во кривичното законодавство, пропишани се построги казни и спроведување на гонење по службена должност.

За подобро утврдување на правната рамка на семејното насилство во продолжение се наведени кривични дела од Кривичниот законик под кои можат да се поведат случаи на семејно насилство.

Во физичкото насилство спаѓаат наредниве кривични дела:

1. Член 123 став 2 од КЗ на РСМ – Убиство при вршење на семејно насилство. Животот на човекото е гарантиран со Уставот и преставува природно право. Потребно е да постои активност меѓу насилникот и жртвата, односно да има знаци на семејно насилство. Жртва е послабиот член, без разлика на полот и возраста. Може да се случат низа на настани кои се континуирани, како што физичко, психичко, емоционално малтретирање, но во никој случај не смее да се изземе можноста дека убиството може да настане само со едно превземено насилничко дејствие од сторителот. Свеста се јавува како субјективен елемент, односно сторителот е свесен дека врши насилство и кај него

[18] Национална мрежа против насилството врз жените и семејното насилство-Глас против насилството, Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Скопје, 2016

[19] Кривичен Законик на РСМ („Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.)

постои волја да ја лиши жртвата од живот. Казната која се изрекува за ова дело е најмалку 10 години казна затвор или доживотен затвор.

2. Член 125 од КЗ на РСМ – Убиство на миг. Овој вид на убиство е привилегиран вид. Посебна околност е афектната состојба на жртвата која е предизвикана со напад или тешка навреда од страна на насилникот. Афектната состојба е психичка состојба каде човекот има мала свесност за целата ситуација, без трезвено размислување, силна возбуда и претставува основа за привилегираноста на делото. Убиството се врши за миг, во многу краток временски период. Самиот насилник му дал повод на жртвата да изврши убиство на миг. Ова дело е извршено како пречекорување на границата за нужна одбрана и се врши со умисла. После нападот на жртвата, може да се следува убиството на сторителот. Кривичната постапка започнува по службена должност. Казната е затвор од 1 до 5 години.
3. Член 130 став 2 – Телесна повреда при семејно насилство. Станува збор за телесна повреда или нанесување на повреда на здравјето на жртвата. Ова дело мора да ги исполнува условите за семејно насилство и да постои свест кај сторителот дека ја нанел повредата со насилно однесување. Кривичното дело започнува со поднесување на предлог од страна на жртвата. Казната за ова дело е парична казна или затвор до 3 години.
4. Член 131 став 6 – Тешка телесна повреда. Според законот насилниците кои долго време вршат насилство врз жртвата, може да ја доведат жртвата во една состојба во која таа ќе покаже силна раздразнетост и во таа состоба таа ќе нанесе тешки телесни повреди на насилниците. Жртвата нема да одговара за основното кривично дело, туку ќе биде обвинета за овој привилегиран облик. За ова дело, законот пропишува парична казна или казна затвор до 3 години.

Во психичко насилство спаѓаат:

1. Член 139 став 2 – Присилба. Со ова дело се нарушува правото на човекот за слободно одлучување. Делото го извршува тој кој со сила или закана измамува друго лице да стори, да не стори нешто или да трпи одредено дејствие. Силата може да се состои од физичко дејствување или примена

на хипноза или други наркотични средства. Заканата како средство за присилување, треба да биде добро оформена за да влијае врз одлуките на жртвата. Делото ќе се смета за завршено откако ќе се преземе дејствието на кое е присилено лицето. Во секој случај мора да постои умисла. Доколку делото е извршено при семејно насилство, тогаш станува збор за квалифициран облик на присилување. Казната е затвор од 6 месеци до 3 години.

2. Член 140 став 2 – Противправно лишување од слобода. Со извршување на делото наведено во членот 140 во Кривичниот законик се повредува правото на слободно движење на лицата. Ова дејствие е против волјата на лицето и постои директна или евентуална умисла при неговото сторување. Квалифициран облик на противправното лишување од слобода е кога тоа се врши при семејно насилство и тоа може да биде изразено преку затворање на жртвата, одземање или ограничување на слободата, одземање на помагала за движење, забранување за посета на родители, браќа, сестри, наредби со кога може жртвата да се дружи. Казната е затвор од 6 месеци до 3 години.
3. Член 144 став 2 – Загрозување на сигурноста. Психичкиот мир, спокојството на човекот, стравувањето за егзистенцијата, опасноста се објект на заштита на ова кривично дело. Ова дело се состои од загрозување на сигурноста на жртвата на семејно насилство кога се применува закана дека ќе биде нападната жртвата или некој од неговото семејство. При извршување на ова дело секако постои умисла. Кривичното гонење започнува со поднесување на приватна тужба од страна на жртвата. Квалифициран облик е кога се загрозува сигурноста при извршување на семејно насилство. Казната е затвор од 3 месеци до 3 години.

Во сексуално насилство спаѓаат:

1. Член 186 – Силување. Секој човек има слобода да избере со кој и кога ќе има полови дејствија. За да може насилникот да го изврши силувањето треба да упати сила или закана лично кон жртвата дека ќе биде нападната или дека ќе нападне нејзини блиски лица. Се користи присилување. И потребно е да постои отпор од жртвата кој ќе биде

подолготраен. Потоа насилникот ја врши обљубата и како пасивен субјект може да биде и машко и женско лице или лице со кое насилникот е во брачна или вонрачна заедница. Насилникот е свесен дека употребува сила и закана што значи дека е свесен и постои умисла за тоа. Казната е затвор од 3 до 10 години затвор.

2. Член 191 став 3 – Посредување во вршење на проституција. Проституцијата претставува нудење на сексуални услуги за пари. Тоа е сосема спротивно од моралните норми за човекот. Основниот вид се содржи од начини на врбување, намамување на лице за проституција или начин на кој се предава жртвата на некој друг за проституција. Сторителот е свесен дека наведува друго лице од што може да утврдиме дека постои умисла. Со ова дело сторителот заработува финансиска корист од телото на жртвата. Квалифициран облик е кога се врши кривичното дело при семејно насилство. Тогаш, мора да постои однос меѓу сторителот и жртвата кој се состои од семејно насилство и сторителот да биде свесен на што ја подведува жртвата. Казната е затвор од најмалку 8 години.
3. Член 377 – Неизвршување на судска одлука. Од овој член може да ја утврдиме неприкосновеноста на судската одлука која е правосилна и се казнува секое службено лице кое што нема да постапи според неа. На овој начин жртвите се индиректно заштитени од семејното насилство. Казната е затвор од 1 до 5 години.[20]

2. Меѓународни документи за семејно насилство

Постојат плејада на меѓународни документи кои ја уредуваат материјата од областа на семејното насилство. Некои од меѓународните документи кои го уредуваат семејното насилство се:

- ✓ Универзалната декларација на Обединетите Нации за човекови права,[21]
- ✓ Конвенцијата на Обединетите Нации за елиминирање на сите облици на дискриминација на жената,[22]

[20] Камбовски, Н. Тупанчески, В. Казнено право – посебен дел. Скопје, 2011.

[21] Universal Declaration of Human Rights, United Nations, 1948

- ✓ Декларација на Обединетите Нации за елиминирање на насилството над жените,[23]
- ✓ Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на детето,[24]
- ✓ Конвенција на Обединетите Нации за правата на лицата со инвалидитет,[25]
- ✓ Пекиншката декларација и Платформата за акција,[26]
- ✓ Милениумската декларација,[27]
- ✓ Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи,[28]
- ✓ Конвенцијата за спречување и борба против насилството над жените и насилството во семејството,[29]
- ✓ Препораката Р (90) 2Е на Комитетот на Министри на Советот на Европа за социјалните мерки во врска со насилството во семејството,[30]
- ✓ Препораката 1450 (2000) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за насилството над жените во Европа,[31]
- ✓ Препораката 1582 (2002) на Парламентарното собрание на Советот на Европа за насилството над жените во семејството,[32]
- ✓ Препораката 1681 (2004) на Парламентарното собрание на Советот на Европа,[33]
- ✓ Препораката 1905 (2010) на Парламентарното собрание на Советот на Европа.[34]

Првенствено, како најзначаен документ кој што се однесува на човечките права и слободи е Универзалната декларација за правата на човекот. Универзалната декларација за човекови права (УДХР) е пресвртница во

---

22 Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against Women, United Nations, 1979
23 Declaration on the Elimination of Violence against Women, United Nations, 1993
24 Convention on the Rights of the Child, United Nations, 1989
25 Convention on the Rights of Persons with Disabilities, United Nations, 2006
26 Beijing Declatation and Platform for Action, United Nations, 1995
27 Millennium Development Goals (MDGs), United Nations, 1990
28 European Convention on Human Rights, Coincil of Europe, 1950
29 Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Coincil of Europa, 2011
30 Recommendation No. R (90) 2 of the Committee od Ministers to member states on social measures concerning violence within the family, 1990
31 Recommendation No. 1450 (2000) of the Committee od Ministers, Violence against women in Europe
32 Recommendation No.1582 (2002) of the Committee od Ministers, Violence against women in Europe
33 Recommendation No. 1681 (2004) of the Committee od Ministers, Violence against women in Europe
34 Recommendation No. 1905 (2010) of the Committee od Ministers, Violence against women in Europe

историјата на човековите права. По својата правна природа во однос на уреденоста на семејното насилство, Универзалната декларација за човекови права претставува документ кој на индиректен, посреден начин уредува материја која се однесува на семејното насилство. Овој меѓународен документ има големо значење за меѓународното право, затоа што претставува основен постулат на заштитата на човековите права. Универзаланата декларација за човекови права претстаува документ од трајна природа, поради самиот факт што и ден денес таа е применлива и претставува остварување на минимум гаранции за човековите слободи и права. Универзалалноста на декларацијата произлегува од самиот факт што таа се применува од сите.

Структурално Универзалната декларација за човекови права на Обединетите Нации од 1948година е составена од Преамбула која го претставува воведениот дел на декларацијата и 30 членови во кои се предвидени правата на поединците и нивната заштита. Во продолжение се анализрани определени права од оваа декларација кои на непосреден начин се однесуваат на материјата на семејното насилство.

Како прв член кој на свој начин уредува материја од областа на семејното насилство се издвојува членот 3 од Универзалната декларација за човекови права. Во рамките на овој член се гарантира правото на живот на секое лице, како и правото на слобода и безбедност на личноста. Ако се има во предвид фактот дека голем број од дејствијата на семејното насилство се квалифицирани со смртни последици за лицата жртви на семејното насилство, тогаш јасна станува определбата за потенцирање на важноста на овој член во контекст на семејното насилство. Практикувањето на семејното насилство претставува грубо кршење на ова право, во насока на ограничување на слободата на лицето кое е жртва на семејното насилство, во насока на нарушување на безбедноста на жртвата, како и крајно во насока на настапување на смртни последици на жртвата.

Членот 5 од Универзалната декларација го заштитува физичкиот и моралниот интегритет на личноста на поединецот. Актите на семејно насилство претставуваат грубо нарушување и повредување на физичкиот и моралниот интегритет на жртвата на семејно насилство. Токму овој момент ја изразува поврзаноста на Универзалната декларација со феноменот на семејното насилство.

Членот 16 од Универзалната декларација се однесува на правото на склучување на брак и правото на засновање на семејство. Согласно наведениот член правото на засновање на брак и засновање на семејство не смее да биде ограничено од аспект на расата на лицата кои стапуваат во брак, од аспект на нивното државјанство и од аспект на нивната вероисповед. Универзалната декларација пропишува рамноправност на лицата кои стапуваат во брак. Рамноправноста на лицата од машки и женски пол кои склучуваат брак се истакнува преку потребата од постоење на слободна и потполна согласност од овие лица за склучување на самиот брак. Последниот дел од членот 16 се однесува на потенцирањето на важноста на семејството како основна клетка на општеството, за која државата мора да обезбеди соодветна заштита. Поврзаноста на овој член 16 од Универзалната декларација со феноменот на семејното насилство може да се согледа преку самиот факт што токму во рамките на семејството се случува и практикува оваа општествено негативна појава. Исто така анализата на членот 16 укажува и на рамноправноста која е потребна да постои помеѓу лицата во рамките на бракот и семејството. Потребата за заштита на семејството е препознаена и од страна на Универзалната декларација, па токму затоа во неа на еден општ начин преку овој член се укажува на потребата за заштита на оваа општествена група. Главен чинител на оваа заштита на семејството во прв ред е адресирана државата и самото општество. Ова адресирање е логично ако се има во предвид фактот дека семејството претставува една од најважните општествени групи во рамките на општеството.

Членот 17 од Универзалната декларација го гарантира правото на сопственост на поединците, како и забраната за нелегалното одземање и лишување од користењето на ова право. Овој член пропишува право да се поседува определен имот, поединечно и во заедница со други. Во овој контекст може да се наведе и статусот на имотот на брачните другари во рамките на брачната заедница, па така според членот 66 од Законот за сопственост и други стварни права е пропишано дека имотот на брачните другари може да биде заеднички имот, односно имот кој брачните другари го стекнале заеднички по склучувањето на бракот, и посебен имот, како имот кој едниот или двата брачни другариго имале пред склучувањето на бракот. Контекстот и поврзувањето на членот 17 од Универзалната декларација се исполнува преку

фактот што голем број од случаите на семејно насилство се извршуваат како резултат на нерешени имотно правни односи.

Членот 18 од Универзалната декларација покрива и предвидува право кое се однесува на слобода на мислата, свеста и вероисповедта. Ова право во себе вклучува неколку аспекти и содржини, како што се, слободата за променување на вероисповедта, слобода за променување на убедувањето и слобода за манифестирање на верата. Ова право во корелација со феноменот на семејното насилство самото по себе ја гарантира забраната за дискриминација врз основа на мислата, свеста и вероисповедта.

Членот 19 од Универзалната декларација го гарантира правото на слобода на мислата и изразувањето. По својата содржина ова право ги опфаќа и правата да не се биде вознемируван за своето мислење, како и правото да се бараат и примаат информации. Контекстот на членот 19 со феноменот на семејното насилство се изразува преку фактот што секое лице во рамките на семејството има право слободно да мисли и да се изразува, па дури и слободно да мисли и да ги искаже определените ставови како дејствија на семејно насилство. Правото на примање информации може да биде во корелација со потребата од запознавањето на пошироката јавност со типичните дејствија на семејно насилство воопшто, како би се извршило полесно препознавање на оваа општествена негативна појава.

Членот 22 на Универзалната декларација исто така уредува прашање кое на посреден или индиректен начин се однесува на широкиот аспект на семејното насилство. Во овој член се гарантира правото на социјално осигурување на секој член на општеството. Правото на социјално осигурување на полето на семејното насилство најдобро може да се согледа преку правната уреденост во рамките на Законот за социјална заштита на Република Македонија. Така според овој закон се предвидени сет на права кои се однесуваат на лицата кои се жртви на семејно насилство на лицата кои се извршители на семејно насилство.[35]

Членот 23 од Универзалната декларација се однесува на правото на работа. Согласно ова право секој поединец има право слободно да избере дали ќе работи или не, како и слободно да го избере видот и типот на работата што ќе ја извршува, како и правото на заштита при невработеност. Во рамките на

35 Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ,бр. 104 од 23.5.2019 година

ова право се прокламира и принципот на забрана за дискриминација во однос на различното исплаќање за извршената работа, како за лица кои се од ист пол, така и за лица од различен пол. Во Република Северна Македонија согласно Законот за работни односи иако работодавачот е обврзан да исплаќа еднаква плата на работниците од ист пол кои работат на исто работно место, утврден е фактот дека постои голем јаз во платите помеѓу мажите и жените.[36] Како резултат на големата дискрепанца во платите помеѓу мажите и жените утврдено е дека жените се тие кои почесто запаѓаат во состојби на сиромаштија и најчесто им се намалува животниот стандард. Овој голем јаз во економската состојба помеѓу мажите и жените најмногу е изразен во руралните средини, како резултат на недоволната еманципација на жените. Ваквиот јаз помеѓу платите на мажите и жените самиот по себе може да продуцира и сторување на семејно насилство, од проста причина што жените во вакви ситуации стануваат зависни од мажите и се принудени да ги почитуваат сите нивни барања, па дури и оние кои не произлегуваат од обврските кои настануваат како резлутат на припаѓањето на брачната заедница или на самото семејство.

Членот 24 од Универзалната декларација на Обединетите Нации од 1948 година се однесува на правото на одмор на секој поединец. Така, во согласност со ова право секое лице има право на одмор и разонода, вклучително и ограничување на работното време, како и правото на повремени платени одмори. Слично како и кај еднаквоста помеѓу мажите и жените при исплаќањето за извршените работи, во согласност со овој член се прокламира забрана за дискриминација врз аспектите кои ја сочинуваат содржината на ова право.

Од меѓународните документи кои содржат индиректни одредби кои на посреден начин се однесуваат на семејното насилство се издвојува и Европската Конвенција за човекови права. Таа е договор за заштита на владеењето на правото и промовирање на демократијата во европските земји. Европската конвенција за човекови права била официјално подготвена од Советот на Европа во Стразбур во текот на летото во 1949 година, а стапила во сила на 3 септември 1953 година. Таа е едноставна, овозможува флексибилна распределба на универзалните права, чие значење може да расте и да се

[36] Закон за работните односи, Службен весник на РСМ, бр. 74 од 8.05.2015 година

прилагоди на променливите потреби на општеството со текот на времето. Европската конвенција за човекови права содржи 18 членови и тоа:

- Член 1 - обврска за почитување на човекови права,
- Член 2 - право на живот,
- Член 3 - забрана за тортура и суров, нехуман и понижувачки третман,
- Член 4 - забрана на ропство и присилна работа,
- Член 5 - право на слобода и безбедност,
- Член 6 - право на фер судење,
- Член 7 - нема казна без закон,
- Член 8 - право на почитување на приватноста и семејниот живот,
- Член 9 - слобода на мислата, совеста и религијата,
- Член 11 - слобода на собирање и здружување,
- Член 12 - право на брак,
- Член 13 - право на ефективен лек,
- Член 14 - забрана на дискриминација,
- Член 15 - дерогација во итни случаи,
- Член 16 - ограничување на политичката активност на странците,
- Член 17 - забрана за злоупотреба на правата,
- Член 18 - ограничување на користењето на ограничувањето на правата.[37]

Поголемиот дел од претходно наведените права исто како и правата предвидени во Универзалната декларација за човекови права може да бидат повредени при вршење на семејно насилство, освен (право на фер судење, нема казна без закон, правото на ефективен лек, дерогација во итни случаи, ограничување на политичката активност на странците).

Европската конвенција за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување е прв договор за човекови права со кој се утврдени постапки за спречување на тортура и друго малтретирање на поединци. Според член 3 од Европската конвенција за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување никој не смее да биде подложен на тортура или нехуманост или понижувачко постапување или казнување. Европската конвенција за заштита од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување пропишува апсолутна

37 Достапно на https://www.amnesty.org.uk/what-is-the-european-convention-on-human-rights (19.01.2020)

забрана за измачување и нечовечко постапување и казнување. Кај жртвите се појавува срам, страв, болка со што насилникот покажува дека не го почитува и на тој начин влијае врз човековото достоинство. Значи, тука е вклучено и физичкото и психичкото измачување.[38] Во овој контекст, тортурата, односно мачењето без оглед дали е физичко или психичко доколку е извршено во рамките на семејното насилство е поврзано со оваа позната Европска конвенција за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Советот на Европа во 2002 година ја усвоил **Препораката на Советот на Европа Рец 1582 (2002)** на Комитетот на министри до државите членки за заштита на жените од насилство и водење на кампања ширум Европа, во периодот од 2006-2008 година за борба против насилството врз жените, вклучително и семејно насилство. Националните извештаи, студии и истражувања ја откриле големината на проблемот со семејното насилство во Европа. Потребата за усогласени правни стандарди за да се обезбеди дека жртвите имаат корист од истото ниво на заштита насекаде во Европа станала очигледна.

Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жени и семејно насилство (Истанбулска Конвенција) била донесена од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа на 7 април 2011 година. Таа била отворена за потпис на 11 мај 2011 година, по повод 121-та сесија на Комитетот на министри во Истанбул. По 10-та ратификација од страна на Андора на 22 април 2014 година, таа стапила во сила на 1 август 2014 година.[39] Донесувањето на конвенцијата и решенијата кои се предвидени во неа се врз основа на дотогаш донесените меѓународни документи, како што се: Европската Конвенција за заштита на човековите слободи и права, Европската социјална повелба, Конвенцијата на Советот на Европа за борбата против трговијата со луѓе, Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на децата од сексуално искористување и сексуално злоупотребување.

Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство позната како Истанбулска

[38] Европската конвенција за заштита од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување донесена од Советот на Европа во 1989 година.

[39] Достапно на https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/historical-background (19.09.2020)

конвенција, претставува најзначајниот меѓународен документ за борбата со семејното насилство. Како меѓународен документ, Конвенцијата дава исклучителен и забележлив придонес на меѓународен план во борбата со насилството врз жените и домашното насилство.

По својата правна природа оваа конвенција претставува меѓународен документ кој на непосреден начин ги уредува прашањата кои се однесуваат на феноменот на семејното насилство, пред се на семејното насилство врз жените. Конвенцијата опфаќа неколку аспекти на семејното насилство како што се, прашањата кои се однесуваат на превенцијата на жртвите од семејното насилство и процесуирањето на сторителите на овој вид на насилство во рамките на семејството. Од голема важност претставува и прифатениот начин на дефинирање на видовите на семејно насилство преку прифатениот родово заснован принцип. Оваа конвенција претставува првиот меѓународен договор во кој на прецизен начин се дава дефинирање на поимот "род", во контекст на општествено поставените улоги на мажите и жените во општеството.

Несомнено оваа конвенција претставува најсеопфатниот документ во меѓународно правни рамки, преку кои се обезбедува заштита на жените од семејното насилство, вклучувајќи го тука и домашното насилство, гонењето на сторителите, како и мерките за заштита на жртвите на овој вид на насилство.

Во рамките на Истанбулската конвенција се уредени нејзините цели, областите во кои што таа се применува, дефинирањето на основните поими, прокламирање на принципот на рамноправност, обврските на државата во насока на остварување на целите, како и политиките за родова чувствителност. Потоа оваа Конвенција посветува посебно внимание на интегрираните политики и начините на собирање на податоци од предметната област. Така во оваа смисла се предвидува воспоставување на сеопфатни и координативни политики за предметната проблематика, финансиски импликации на државата за остварувањето на целите на конвенцијата, вклучителноста и значењето на невладиниот сектор за имплементација на одредбите од конвенцијата, обврската за воспоставување на национално координативно тело за следење на политиките од оваа област. Во посебно поглавје Истанбулската Конвенција ги уредува мерките и процесите на заштита

од семејно насилство врз жените и домашното насилство, преку укажувањата за преземање на општи мерки за превенција, подигнувањена свеста кај пошироката јавност за проблемите на семејно насилство, потребата за воведување на ова прашање во рамките на образовните програми, неопходната потреба за обука на професионалците кои постапуваат со жртвите на семејно насилство и сторителите на семејното насилство, превентивните интервенции и програмите за третман, како и учеството на приватниот сектор и средствата за јавно информирање во целокупниот процес. Во текстот на оваа Конвенција не се изоставени ниту жртвите на семјно насилство за кои се пропишани посебни активности кои треба да ги преземат државите во насока на заштита и поддршка на жртвите од понатамошните акти на насилство, преку воспоставување на систем за информирање на жртвите за насилство за нивните права и остварување на нивна заштита, обезбедување на правна помош, специјализирани услуги за поддршка на жртвите, формирање на засолништа на потребите на жртвите, воспоставување на телефонски линии за потребите на жртвите, од аспект на нивно советување и понатамошно постапување, посебна поддршка на жртвите на сексуалното насилство, посебна поддршка на децата кои се сведоци на актите на семејно насилство, како и начините на пријавување, од пошироката јавност и од професионалните структури. Исто така конвенцијата ги содржи и обврските на државите во насока на имплементирање на обврските од оваа Конвенција во рамките на материјалното право во државите, кои се однесуваат на уредувањето на казнено правната заштита од семејното насилство врз жените и останатото домашно насилство, уредувањето на граѓанско правната заштита, како и уредувањето на социјално правната заштита од овој вид на насилства. Посебен дел од Истанбулската конвенција ги содржи процесни трашања, односно ги покрива прашањата на истрага и гонење на сторителите на овие забранети дејствија од областа на семејното насилство, како и заштитните мерки за жртвите, како што се општите обврски кои мора да се преземат од страна на државата, непосредната реакција, постојаната проценка на ризикот, итните мерки за заштита, мерките за забрана на приближување или заштита, мерките на заштита, спроведувањето на истрагите, правната помош и застареноста за кривично гонење од ваквиот вид

на кривични дела. Дел од Конвенцијата ја уредува и проблематика која е поврзана со миграцијата и азилот на жените кои се жртви на насилство, и тоа пред се мигранти и баратели на азил. Така во овој дел се уредува статусот на престој на овие лица, родово заснованите барања за азил и забраната за протерување односно враќање. Меѓународната соработка во насока на остварување на целите на Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство е составен дела на Истанбулската Конвенција која што и ја потенцира важноста од воспоставувањето на ваквата соработка на меѓународен план. Поркај другото оваа Конвенција го воспоставува механизмот за следење на имплементацијата на нејзините одредби, претставен преку "GREVIO", кој претставува група на експерти за акција против насилството врз жените и домашното насилство. Во својата содржина оваа Конвенција се осврнува и на поврзаноста на Конвенцијата за превенција и борба против насилство врз жените и семејното насилство со останатите меѓународни документи од потесната област. Во завршните одредби од Конвенцијата се наведени ефектите кои се очекуваат да се постигнат со оваа конвенција, решавањето на споровите кои би настанале како резултат на различно толкување на одредбите на конвенцијата, потпишувањето и ратификацијата на конвенцијата, начинот на пристапување кон конвенцијата, нејзината територијална примена, резерви на конвенцијата и откажувањето од нејзината примена.

Во поглед на дефинирањето на поимите во рамките на оваа конвенција како позначајни се издвојуваат следните поими:

Насилство врз жените согласно конвенцијата се третира како грубо кршење на човековите права и дискриминација. Како акти на насилство врз жените се определени сите оние кои се родово засновани, и врз основа на кои доаѓа или може да дојде до физичко повредување на жените, нивно сексуално повредување, психичко повредување или економско повредување, како и заканите за преземање на такви дејствија, изнуди или произволно лишување од слобода.

Домашното насилство согласно конвенцијата ги опфаќа сите видови на насилство, какви што се физичкото насилство, сексуалното насилство, психичкото насилство и економското насилство кои се случуваат во рамките на семејството како затворена општествена група или кои се случуваат во едно

домаќинство. Како круг на лица помеѓу кои може да се извршува ова домашно насилство, определени се поранешните или сегашните сопружници или партнери, без оглед на фактот дали сторителот на домашното насилство го дели или го делел истото живеалиште со лицето кое е жртва на овој вид на насилство.

Како **родово засновано насилство врз жените**, согласно конвенцијата се смета секој вид на насилство кој што е насочен кон жената, токму поради фактот што е жена или поради самиот факт дека токму таквото насилство несразмерно ја погодуважената како жртва на насилството.

Под поимот **жртва**, според конвенцијата се подразбира секое физичко лице кое е изложено на дејствијата и актите кои значат сторување на насилство врз жената или домашно насилство.

Под поимот **жена**, конвенцијата ги подведува и сите девојчиња кои се на возраст до 18 години, се со цел да се обезбеди заштита од актите на насилство на оваа категорија лица, кои според своите карактеристики може да се сметаат за ранливи.

РСМ ја ратификуваше оваа Конвенција на 29 декември во 2017 година.[40]

Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените била усвоена на 18 декември 1979 од Генералното собрание на Обединетите нации. Меѓу меѓународните договори за човекови права, Конвенцијата зазема значајно место во приближувањето на женската половина на човештвото во фокусот на грижите за човековите права. Духот на Конвенцијата е вкоренет во целите на Обединетите нации: да ја реафирмираат вербата во основните човекови права во достоинството и вредноста на човековата личност, со еднакви права на мажите и жените. Овој документ го наведува значењето на еднаквоста и како може таа да се постигне. Притоа, Конвенцијата воспоставува не само меѓународен закон за права на жените, туку и агенда за акција од страна на државите со цел да се гарантира уживањето во тие права. Правниот статус на жените привлекува најголемо внимание.[41] Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените претставува прв документ којшто ја регулира родовата еднаквост во

[40] Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејно насилство донесена од Советот на Европа во 2011 година.

[41] Достапно на https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cedaw.aspx (19.01.2020)

однос на образованието, работата, бракот, семејството, политичкиот, општествениот живот.

Од крајот на XIX век и почетокот на XX век, светот започна да сфаќа дека децата мора да бидат заштитени. Започнувајќи од **Женевската декларација за правата на детето,** донесена во 1924 година од страна на Лигата на народите, во 1959 година, ООН ја објави **Универзалната декларација за правата на детето**, признавајќи дека децата се основен дел од општеството и дека иднината на човештвото зависи од нивната грижа. Правата на еднаквост, домување, хранење, заштита од злоупотреба и право на рекреативни активности беа вклучено во овие десет точки. Во 1990 година **Конвенција за правата на детето** стапила на сила, откако била потпишана од 20 земји, а денес таа е најшироко ратификуваниот договор за човекови права во светот, поддржан од 195 земји (меѓу кои не се вклучени Соединетите држави). Членовите на Конвенцијата ги одразуваат економските, социјалните, културните, граѓанските и политичките права на сите деца и во исто време ги дефинираат одговорностите на родителите, наставниците, лекарите, итн. Исто така, таа има три протоколи кои ја надополнуваат: оние што се однесуваат на продажба на деца, детска проституција, вклучување на деца во вооружени судири, како и воспоставување на процедура за комуникација за поднесување жалби до Комитетот.[42]

3. Институционална рамка на семејното насилство

Клучни актери во борбата против семејното насилство се:

1. Министерство за труд и социјална политика,
2. Министерство за внатрешни работи,
3. Министерство за здравство,
4. Министерство за образование и наука и
5. Граѓанските организации.

Покрај овие институции свои активности во борбата против семејното насилство имаат и Министерството за правда, единиците на локалната самоуправа, институциите кои вршат дејност од областа на социјалната

[42] Достапно на https://profuturo.education/en/2017/11/23/the-history-of-the-convention-of-the-rights-of-the-child/ (19.01.2020)

заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието, преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваат меѓусебна соработка и координација.

За подобро функционирање на овие актери се формираше Заеднички протокол и сите го знаат своето место и начинот на дејствување.[43]

Владата на Република Северна Македонија формираше и Национално координативно тело против семејно насилство с омандат од пет години. Националното координативно тело против семејното насилство ги врши следниве работи:

- ✓ следење и анализирање на состојбите со семејното насилство,
- ✓ координирање на активностите на надлежните институции и здруженија,
- ✓ предлагање мерки за унапредување на националните политики и мерки за имплементација на националните политики.

3.1. Министерство за труд и социјална политика

Министерство за труд и социјална политика дејствува преку центрите за социјална работа, кои работат активно ширум државата. Кога стручниот работник во центарот добие сознание дека има случај на семејно насилство тогаш треба да поведе постапка. Таа постапка се поведува по пријава од жртвата, негов роднина, министерство за внатрешни работи, СОС линија, министерство за здравство, министерство за образование, единица за локална самоуправа. Може да станува збор за телефонско јавување или за итен случај. Со цел да се процени состојбата, социјалниот работник води разговор со жртвата во посебна канцеларија, ја известува жртвата за правата од социјална заштита и треба да донесе одлука дали ќе поднесе барање за заштита. Доколку поднесе барање, тимот ќе ги преземе потребните дејствија и изготвува индивидуален план за работа.

Центарот за социјална работа кога има сознанија дека постои семејно насилство може да ги презема следниве мерки на заштита:

---

43 Спасовска, С. Јаковчевска, Л. Чаловска, Ц. Треневска, З. Андова, С. Перић, Ц. Практикум за постапување во случаи на семејно насилство, Академија за обука на судии и јавни обвинители, Скопје, 2012

1) обезбедува нужно сместување за лицето - жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеца, со можност за продолжување за уште шест месеца;

2) обезбедува соодветна здравствена заштита;

3) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;

4) ги упатува во соодветно советувалиште;

5) доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;

6) го известува органот за прогон;

7) дава секаков вид на правна помош и застапување;

8) покренува постапки пред надлежниот суд и презема мерки кои произлегуваат од односите меѓу родители и деца;

9) по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и

10) презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.

Предлог за изрекување мерка на заштита може да поднесен од брачен другар, родител или деца. Потоа се прави проценка на предложената мерка за заштита. Доколку судот донесе одлука за изрекување мерка на заштита, ЦСР ќе подготви план за следење.

Надлежниот суд на сторителот на семејното насилство може да му ги изрече следниве привремени мерки на заштита:

1) забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;

2) забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;

3) забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;

4) одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;

5) забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;

6) го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;

7) изрече задолжително издржување на семејството;

8) нареди туженият да посетува соодветно советувалиште;

9) нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување;

10) го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и

11) изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.

3.2. Министерство за внатрешни работи

Службеното полициско лице кое што е дежурно кога е пријавен случајот го утврдува точното време на пријавувањето, податоците, описот на настанот, утврдува дали постои потреба од лекарска помош, дали сторителот има оружје и дали се заканува дека ќе го употреби, присуство на деца, лоцирање, упатство за прва помош, дали има сведоци за настанот, дали претходно имало пријавување во полициските станици и дали е некој загрозен. Сето ова се евидентира во книга за дневни настани. Потоа, група полициски службеници излегуваат на лице место. При разговорот со жртвата треба да се потрудат да ја смират и да и помогнат, да ја известат за нејзините права, да побараат опис на настанот и да утврдат дали има потешки повреди. Исто така, доколку е присутен и сторителот треба и со него да се разговара за да се дознае што повеќе за настанот кој што се случил.

3.3. Министерство за здравство

Министерството за здравство дејствува преку здравствените установи кои треба да им пружаат интервенција и помош на жртвите. Треба да направат ефективна проценка преку анализа на безбедноста, утврдување на идни ризици, утврдување на видот на насилството. Сето тоа треба да се документира и ако има потреба да се обезбеди здравствена помош, како и превенција од идни ризични дејствија.

3.4. Министерство за образование и наука

Целта на постапувањето на министерството за образование и наука во случаите на семејно насилство е примената на мерки за превенција и интервенција. Потребно е дефинирање на активностите, информирање на сите лица кои се вклучени во воспитно-образовниот процес, унапредување на компентенциите на стручните лица, водење контрола за ефективноста и ефикасноста на мерките за превенција, спроведување на активностите, ефикасен систем за заштита на децата, следење на насилството, отстранување на последиците од насилството, советодавна работа со учениците, поднесување на извештаи до Советот на Општината. Како чекори при постапката се сознание за насилство, помирување, стручен разговор, консултации, обуки.

3.5. Граѓански организации

Во согласност со законската рамка, граѓанските организации имаат можност за градење на систем за заштита на жртвите на семејно насилство. Многу подобро и полесно е граѓанските организации да дознаат за семејното насилство, потоа да одредат лице кое што ќе води грижа и ќе го следи случајот, упатување до ЦСР, давање бесплатна правна помош, сместување во засолниште, помош при реинтеграција и ресоцијализација, информирање за правата.[44]

Глава 3

1. Етиологија и теоретски основи на семејното насилство

Со успешно препознавање на факторите кои влијаат врз семејното насилство се воспоставува успешен систем за полесно разоткривање на овој вид

[44] Национално координативно тело за превенција на семејно насилство, УНДП, Заеднички протокол за постапување во случаи на семејно насилство

на криминал. Семејното насилство е општествена и индивидуална појава која е крајно негативна. [45]

Во продолжение на оваа глава е анализирана етиологијата на семејното насилство, при што етиолошките фактори кои доведуваат до појава на семејното насилство се поделени на:

- Социјални и демографски фактори и
- Ситуациони и еколошки фактори.

1.1 Социјални и демографски фактори

1.1.1. Возраст

Возраста е многу важен ризик фактор за овој вид насилство. Најчесто сторителите имаат од 18 до 30 години. Во однос на жртвите, жените може да бидат изложени на семејно насилство на сите возрасти, а кај децата најголем ризик постои на возраст од 15 до 18 години.[46] Посебен ризик постои кај младите девојки, а кај жените ризична е возраста од околу 49 години. Додека, пак, кај мажите исто така постои ризик и тој е од 15 до 29 години. Сепак, младите генерации се најповредени од семејното насилство.[47]

1.1.2. Примања

Сите форми на семејно насилство најчесто се извршуваат во семејството кои што се под линијата на сиромаштијата, односно живеат во сиромаштија.[48]

1.1.3. Образование и занимање

45 Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.

46 Поповска, Љ. Рикаловски, В. и д-р Виљагомез, Е. „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство", публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство", Скопје, 2012

47 Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија

48 Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.

Како жртви на семејно насилство најчесто се појавуваат жените кои се со низок степен на образование, односно имаат средно, основно образование или се без образование. Колку пониско образование, толку поголема е веројатноста за семејно насилство. Во однос на занимањето, поголемиот број на невработени или неактивни жени се жртви на семејно насилство.[49]

1.1.4. Националност

Според истражувањата семејното насилство е покарактеристично за малцинските групи.[50] Истото може да се потврди и во нашата држава. Најголем број на случаи на семејно насилство има кај Ромите, додека пак кај македонците најчесто се случува физичко насилство во рамките на семејството. Во однос на сексуалното насилство најмногу се среќава во турските заедници. [51] Жените од македонската и српската етничка припадност најмалку се изложени на семејно насилство, но кај жените од ромска етничка припадност ситуацијата е алармантна.[52] Согласно истражувањата на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, семејното насилство најмногу е застапено кај албанската популација и тоа е поради запоставување на жените и нивното место во семејството.[53]

1.1.5. Место на живеење

Според местото на живеење, семејното насилство почесто е во руралните средини, отколку во урбаните средини. Истото се однесува и на сексуалното

---

49 Поповска, Љ. Рикаловски, В. и д-р Виљагомез, Е. „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство“, публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство“, Скопје, 2012

50 Gelles, J. Richard “Family Violence” in “The Handbook of Crime and Punishment” ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998.

51 Поповска, Љ. Рикаловски, В. и д-р Виљагомез, Е. „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство“, публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство“, Скопје, 2012

52 Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија

53 Чонева, Љ. “Семејно насилство над жената во Република Македонија и можностите за помош на жртвите” – Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Број 1, Скопје, 2005

насилство.[54] Руралната средина е поризична за семејното насилство, било за мажите или жените. Руралната средина е многу поризична за жените, а урбаната средина е поризична за мажите.[55]

1.1.6. Број на членови во семејството

Ризикот од семејното насилство се зголемува во зависност од бројот на членовите во семејството.

1.1.7. Останати индивидуални фактори

Индивидуалните фактори зависат од карактерот на сторителот на семејното насилство, неговата личност, животни вредности и верувања. Тука може да ги вклучиме алкохолот, дрогата, љубомората, сомневањето, изневерувањето, недостигот на доверба, нерешеното станбено прашање, психичкото растројство.[56]

Најважен фактор при извршување на семејното насилство е алкохолизмот. Најчесто, мажите при извршување на насилството се под влијание на алкохол. Според спроведено истражување во 2000 година на територијата на РСМ секој четврти насилник често се опивал, додека пак секој втор бил во алкохолизирана состојба при извршувањето на последното насилно дејствие.[57] Други истражувања покажале дека повеќе од 70 % од извршителите на семејното насилство се под влијание на дрога или алкохол.[58]

Истото се случува и кај зависнисците од дрога. Тие се чести сторители на семејното насилство. Во моментот кога се во криза, кога немаат средства да

---

54 Поповска, Љ. Рикаловски, В. и д-р Виљагомез, Е. „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство“, публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство“, Скопје, 2012

55 Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија

56 Груевска-Дракулевски, А. СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

57 Чачева, В. „Истражување семејно насилство 2000“, Меѓуцрковна организација за развој и соработка – ИЦЦО Скопје, 2000

58 Buzawa, E. Schlesinger, B. Carl, G., Domestic violence: the criminal justice response, 2003

набаваат дрога, вршат насилство врз членовите од семејството за да го добијат тоа што го сакаат. Друга причина поради која вршат семејно насилство е чувството на отфрленост и осаменост и на тој начин сакаат да го вратат изгубениот авторитет.

Љубомората и сомнежот за изневерување, исто така, се причина за вршење семејно насилство. На овој начин сторителите се обидуваат да ги спречат своите партнери да извршат неверство. Како најчест облик на семејно насилство во ваков случај е физичкото насилство, потоа убиствата и самоубиствата по извршеното убиство.[59]

1.2. Ситуациони и еколошки фактори

1.2.1. Стрес

Животните моменти кога човекот се наоѓа под стрес се најтешки. Губење родител, сиромаштија, рано стапување во брак се само дел од стресните ситуации за човекот.[60]

1.2.2. Социјална изолација и социјална поддршка

Кај луѓето кои се изолирани од општеството, од роднините, од пријателите, од соседите постои голема веројатност да употребат насилство во

[59] Михов, С., Фришчиќ, Ј., "Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство во казненоправниот систем" , Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ и Здружение на граѓани Акција Здруженска Скопје, Скопје, 2008

[60] Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998

своите домови, бидејќи за секој човек е доста важна социјалната поддршка. Помошта од опкружувањето го прави човекот посилен. Колку повеќе човекот е вклучен во општеството, во некои групи или заедници, толку се намалува можноста за појава на насилство. [61]

1.2.3. Меѓугенерациски пренос на семејното насилство

Семејното насилство се квалификува како начин за пренос на насилството од една на друга генерација. Децата кои биле злоупотребувани се формираат во родители кои ги злоупотребуваат своите деца.[62] Сепак, тоа е феномен кој тешко може да се разбере. Децата поради траумите стануваат насилници во своите домови.[63] Но, во тие случаи има повеќе ситуации. Постојат лица кои доаѓаат од угледни домови и тие случаи се невообичаени и тешки.[64]

1.2.4. Родова нееднаквост

Природата на семејното насилство е родово засновано насилство, бидејќи жените се потчинети во погледот на мажите. Жените кои не се во работен однос, кои се финансиски зависни од мажите имаат поголема веројатност да станат жртви на насилство.[65] Семејното насилство врз жените се случува најмногу во оние држави каде машките права се величат, каде самото општество им дава поголема вредност и важност.[66]

1.2.5. Културни фактори

---

61 Straus, M. A., Gelles, R. J. and Steinmetz, S. K., "Behind Closed Doors: Violence in the American Family", New York: Doubleday/ Anchor, 1980 cit. in Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment" ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998

62 Gelles, R. J., "Violence in the Family: A Review of Research in the Seventies", Journal of Marriage and the Family, 1980

63 Eliasson, P., E., "Muškarci, zene i nasilje" – Razumijevanje i mijenjanje nasilnog ponašanja – Izveštaj iz Centra za muškarce u Štokholmu, Sarajevo, 2002

64 Raine, A. "The Psychopathology of crime: Criminal Behaviour as a Clinical Disorder", San Diego: Academic Press, 1993

65 Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија

66 Светски извештај за насилство и здравје, "Резиме – Насилство од интимен партнер", Светска Здравствена Организација, Женева, 2002

Средината, обичаите, традицијата, начинот на живот се важни фактори кои влијаат врз семејното насилство. Има многу поговорки кои што покажуваат дека жената треба да биде потчинета на мажот од првата ноќ, со цел да и се влее страв и да му биде потчинета цел живот.[67] Патријахалното воспитување на мажот влијае врз насилството. Тоа се споменува уште во римското право и таму се напоменува дека главата на семејството располага дури и со животот на сопствените деца.[68]

Глава 4

1. Феноменологија на семејно насилство

1.1. Физичко насилство

Физичкото малтретирање често започнува постепено, како на пример со притисок или шлаканица, а потоа со тек на време станува постепено полошо. Многу преживеани од физичка злоупотреба велат дека насилството започнало само со шлаканица или притисок, но потоа со текот на времето станало поинтензивно.

Ако жртвата постојано чуствува страв од насилникот, избегнува теми кои може да го налутат, чувствува дека жртвата се прави погрешно, тогаш станува збор за физичко насилство. Физичката злоупотреба во основа вклучува лице

67 Арнаудовски, Љ. „Криминологија“, 2 Август С Штип, Скопје, 2007

68 Бачановиќ, О. “Децата – жртви на семејното насилство”, “Безбедност” – ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Министерство за внатрешни работи на РМ, бр. 1-2, Скопје, јануари-јуни, 1999

што користи физичка сила против друго лице, што предизвикува или може да предизвика повреда врз лицето.

Физичката злоупотреба може да вклучува кое било од следниве насилни дејства:

- гребење или гризење;
- туркање или тресење;
- шлаканица;
- клоцање;
- задушување;
- фрлање предмети;
- форсирање жртвата да јаде или воопшто не и се дава храна;
- користење на оружје или предмети што можат да и наштетат на жртвата;
- различни видови на ограничувања;
- несовесно возење;
- други акти кои ја повредуваат жртвата или и се закануваат дека ќе ја повредат.

Сторителот честопати ќе обвинува некој друг, како што е жртвата, дека кажал или направил нешто што го „предизвикало“ нивното насилно однесување. Или сторителите најчесто се оправдуваат дека нивното однесување е резултат на алкохол, лекови, чувство на стрес или фрустрација.

Исто така е вообичаено насилникот да чувствува каење и да се извини по нападот. Можеби насилниците молат за прошка и ветуваат дека никогаш повеќе нема да го сторат тоа. Тие честопати искрено ќе жалат за она што го направиле, што му отежнува на жртвата на нападот да ја напушти врската. Насилно однесување е секогаш одговорност на сторителот, таа злоупотреба никогаш нема да биде оправдана.[69]

1.2. Психолошко насилство

Психолошкото насилство може да се дефинира како вид на насилство што подразбира психолошко влијание од страна на насилникот кон жртвата. Психолошкото насилство е компатибилно со физичко насилство или вербално

[69] Достапно на https://au.reachout.com/articles/what-is-physical-abuse (25.01.2020)

насилство. Штетата направена на лице кое е жртва на сексуален напад не е само штета што произлегува од физички повреди на нејзиното или на неговото тело, туку и психолошката траума што може да ја предизвика настанот кој е дел од стореното насилство, што претставува психолошки вид на насилство.

Иако поголемиот дел од човечките суштества можеби биле жртва на некаква форма на психолошко насилство во одреден момент од нивниот живот, без правилно сфаќање за себе, тешко е да се изготват ефективни стратегии за справување со штетите предизвикани од тие насилни дејства. [70]

Во продолжение се наведени неколку начини на психичко насилство:

- Применување на погрдни зборови како на пример: глупав, губитник.
- Критикување на карактерот. Ова обично вклучува зборот „секогаш“. Секогаш доцниш, секогаш грешиш. Во суштина, сторителот и упатува порака на жртвата дека таа не е добра личност.
Во оваа табела е наведен бројот на малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст во 2014 година. Вкупниот број е 306, додека пак од нив помалку од 7 години имале 56 малолетници, од 7 до 13 години имале 128, од 14 до 15 години имале 60, од 16 до 17 години имале 33 и од 18 години до 26 години имале само 29 малолетници. Малолетни корисници на социјална заштита кои се од женски пол се 108, од нив до 7 годишна возраст се 19 корисници, од 7 до 13 години имале 44, од 14 до 15 години имале 17, од 16 до 17 години имале 13 и од 18 до 26 имале само 15 корисници.

Табела бр.7: Права на социјална заштита на полнолетни корисници 2014 година

	Вкупно	Социјално исклучени	Материјално необезбедени	Други корисници
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	20	16	1	3

Во оваа табела се изнесени правата на социјална заштита на полнолетни корисници во 2014 година. Вкупниот број на полнолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејно насилство е 20, од нив социјално исклучени се 16, материјално необезбедено е 1 лице и како други корисници се 3 лица.

Табела бр.8: Полнолетни корисници на социјална заштита според состојба на евиденција 2014 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2015 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2015
Жртви	860	878	794	944
Сторители	670	835	643	862

Во оваа табела е наведен бројот на полнолетни корисници на социјална заштита според состојбата на евиденција за 2014 година. Бројот на жртви на

почетокот на 2014 година е 860, како новоевидентирани и ревидинирани се 994, ставени во пасива се 798 и состојбата на бројот на жртви на крајот од 2015 година изнесува 1140. Бројот на сторители на почетокот на годината е 862, новоевидентирани и ревидирани се 826, ставени во пасива се 677 и бројот на сторители на крајот од 2015 година е 1011.

Табела бр.9: Полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2014 година

		Вкупно	18-21	22-25	26-45	46-59	60-65	65+
Жртви	Се	944	60	188	521	117	27	31
	Жени	858	50	184	479	103	19	23
Сторители	Се	862	28	182	483	141	14	14
	Жени	72	2	18	39	12	/	1

Во оваа табела се изнесени податоци за полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст за 2014 година. Вкупниот број на жртви изнесува 944, од нив 60 жртви имаат од 18 до 21 година, 188 жртви имаат од 22 до 25 години, 521 жртви имаат од 26 до 45 години, 117 жртви имаат од 46 до 59 години, 27 жртви имаат од 60 до 65 години и 31 жртви имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се жртви на семејното насилство изнесува 858, од нив 50 жртви имаат од 18 до 21 година, 184 жртви имаат од 22 до 25 години, 479 жртви имаат од 26 до 45 години, 109 жртви имаат од 46 до 59 години, 19 жртви имаат од 60 до 65 години и 23 жртви имаат повеќе од 65 години.

Во однос на вкупниот број на сторители тој изнесува 862, 28 сторители се од 18 до 21 година, 183 сторители имаат од 22 до 25 години, 483 сторители имаат од 26 до 45 години, 141 сторители имаат од 46 до 59 години, нема сторител има од 60 до 65 години и 1 сторител кој има повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се сторители изнесува 72, од нив 2 жени се од 18 до 21 година, 18 жени се од 22 до 25 години, 39 жена има од 26 до 45 години, 12 жени имаат од 46 до 59 години, за жените сторители од 60 до 65 години немаме податок и само 1 жена е на возраст на повеќе од 65 години.

Податоци за 2015 година

Табела бр.10: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2015 година

	Вкупно	Проблеми во бракот и семејството	Друго
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	22	15	7

Во табелата се наведени правата на социјалната заштита на малолетни корисници за 2015 година, односно вкупно бројот на малолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејното насилство изнесува 22, од нив 15 корисници имале проблеми во бракот и семејството и малолетни корисници кои имаат други проблеми изнесува 7.

Табела бр.11: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2015 година

	Вкупно	Проблеми во бракот и семејството
Мерки за заштита на жртви на семејно насилство	152	152

Во табелата се наведени правата на социјална заштита на малолетни корисници во 2015 година, односно колку малолетни корисници искористиле мерки за заштита на жртви на семејното насилство. Вкупниот број изнесува 152 малолетни корисници кои имале проблеми во бракот и семејството.

Табела бр.12: Малолетни корисници на социјална заштита според состојбата на евиденција 2015 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2015 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2015
Семејно насилство	306	180	186	300

Во табелата е наведен број на малолетни корисници на социјална заштита и на почеток од 2015 година изнесувал 306, како новоевидентирани и ревидирани изнесува 180, ставени во пасива се 186 и состојбата на крајот од 2015 година изнесува 300 малолетни корисници.

Табела бр.13: Малолетни корисници на социјална заштита според пол и

возраст 2015 година

		Вкупно	Помалку од 7 години	7-13	14-15	16-17	18-26
Семејно насилство	Се	300	63	148	39	39	11
	Жени	156	33	83	19	14	7

Во табелата е наведен бројот на малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст во 2015 година. Вкупниот број е 300, додека пак од нив помалку од 7 години имале 63 малолетници, од 7 до 13 години имале 148, од 14 до 15 години имале 39, од 16 до 17 години имале 39 и од 18 години до 26 години имале само 11 малолетници.

Малолетни корисници на социјална заштита од женски пол се 156, од нив до 7 годишна возраст се 33 корисници, од 7 до 13 години имале 83, од 14 до 15 години имале 19, од 16 до 17 години имале 14 и од 18 до 26 имале само 7 корисници.

Табела бр.14: Права на социјална заштита на полнолетни корисници 2015 година

	Вкупно	Социјално исклучени	Други корисници
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	25	20	5

Во табелата се изнесени правата на социјална заштита на полнолетни корисници во 2015 година. Вкупниот број на полнолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејно насилство е 25, од нив социјално исклучени се 20 и како други корисници се 5.

Табела бр.15: Полнолетни корисници на социјална заштита според состојба на евиденција 2015 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2015 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2015
Жртви	944	994	798	1140

Сторители	862	826	677	1011

Во табелата е наведен бројот на полнолетни корисници на сооцијална заштита според состојбата на евиденција за 2015 година. Бројот на жртви на почетокот на 2015 година е 944, како новоевидентирани и ревидинирани се 994, ставени во пасива се 798 и состојбата на бројот на жртви на крајот од 2015 година изнесува 1140. Бројот на сторители на почетокот на годината е 862, новоевидентирани и ревидирани се 826, ставени во пасива се 677 и бројот на сторители на крајот од 2015 година е 1011.

Табела бр.16: Полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2015 година

		Вкупно	18-21	22-25	26-45	46-59	60-65	65+
Жртви	Се	1140	58	254	603	179	26	20
	Жени	1047	52	244	566	153	18	14
Сторители	Се	1011	44	239	508	183	31	6
	Жени	78	2	22	41	12	/	1

Во табелата се изнесени податоци за полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст за 2015 година. Вкупниот број на жртви изнесува 1140, од нив 58 жртви имаат од 18 до 21 година, 254 жртви имаат од 22 до 25 години, 603 жртви имаат од 26 до 45 години, 179 жртви имаат од 46 до 59 години, 26 жртви имаат од 60 до 65 години и 20 жртви имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се жртви на семејното насилсто изнесува 1047, од нив 52 жртви имаат од 18 до 21 година, 244 жртви имаат од 22 до 25 години, 566 жртви имаат од 26 до 45 години, 153 жртви имаат од 46 до 59 години, 18 жртви имаат од 60 до 65 години и 14 жртви имаат повеќе од 65 години.

Во однос на вкупниот број на сторители тој изнесува 1011, 44 сторители се од 18 до 21 година, 239 сторители имаат од 22 до 25 години, 508 сторители имаат од 26 до 45 години, 183 сторители имаат од 46 до 59 години, 31 сторител има од 60 до 65 години и 6 сторители имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се сторители изнесува 78, од нив 2 жени се од 18 до 21 година, 22 жени се од 22 до 25 години, 41 жена има од 26 до 45 години, 12 жени имаат од 46 до 59 години, за жените сторители од 60 до 65 години

немаме податок и само 1 жена е на возраст на повеќе од 65 години.

Податоци за 2016 година

Табела бр.17: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2016 година

	Вкупно	Проблеми во бракот и семејството
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	17	17

Во табелата се наведени правата на социјалната заштита на малолетни корисници за 2016 година, односно вкупно бројот на малолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејното насилство изнесува 17 и сите корисници имале проблеми во бракот и семејството.

Табела бр.18: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2016 година

	Вкупно	Деца без родители и родителска грижа	Проблеми во бракот и семејството	Деца во ризик	Останато
Мерки за заштита на жртви на семејно насилство	413	9	270	120	14

Во табелата се наведени правата на социјална заштита на малолетни корисници во 2016 година, односно колку малолетни корисници искористиле мерки за заштита на жртви на семејното насилство. Вкупниот број изнесува 413 малолетни корисници, од нив деца без родители и родителска грижа бројот е 9, проблеми во бракот и семејството имале 270, деца во ризик биле 120 и останати корисници се 14 малолетници.

Табела бр.19: Малолетни корисници на социјална заштита според состојбата на евиденција 2016 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2016 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2016
Семејно насилство	300	460	420	340

Во табелата е наведен број на малолетни корисници на социјална заштита и на почеток од 2016 година изнесувал 300, како новоевидентирани и ревидирани изнесува 460, ставени во пасива се 420 и состојбата на крајот од 2015 година изнесувал 340 малолетни корисници.

Табела бр.20: Малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2016 година

		Вкупно	Помалку од 7 години	7-13	14-15	16-17	18-26
Семејно насилство	Се	340	56	125	108	48	3
	Жени	185	24	67	72	22	/

Во табелата е наведен бројот на малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст во 2016 година. Вкупниот број е 340, додека пак од нив помалку од 7 години имале 56 малолетници, од 7 до 13 години имале 125, од 14 до 15 години имале 108, од 16 до 17 години имале 48 и од 18 години до 26 години имале само 3 малолетници. Малолетни корисници на социјална заштита кои се од женски пол нивниот број вкупно изнесува 185, од нив до 7 годишна возраст се 24 корисници, од 7 до 13 години имале 67, од 14 до 15 години имале 72, од 16 до 17 години имале 22 и од 18 до 26 немаме податок за малолетнички кои се корисници на социјална заштита.

Табела бр.21: Права на социјална заштита на полнолетни корисници 2016 година

	Вкупно	Социјално исклучени	Материјално необезбедени	Стари лица	Други корисници
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	29	26	1	1	1

Во табела се изнесени правата на социјална заштита на полнолетни корисници во 2016 година. Вкупниот број на полнолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејно насилство е 29, од нив социјално исклучени се 26, материјално необезбедени е 1 лице, стари лица има само 1 и како други корисници бројот е 1.

Табела бр.22: Полнолетни корисници на социјална заштита според состојба на евиденција 2016 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2016 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2016
Жртви	1131	1158	1208	1081
Сторители	1002	1091	1105	988

Во табелата е наведен бројот на полнолетни корисници на сооцијална заштита според состојбата на евиденција за 2016 година. Бројот на жртви на почетокот на 2016 година е 1131, како новоевидентирани и ревидинирани се 1158, ставени во пасива се 1208 и состојбата на бројот на жртви на крајот од 2016 година изнесува 1081. Бројот на сторители на почетокот на годината е 1002, новоевидентирани и ревидирани се 1091, ставени во пасива се 1105 и бројот на сторители на крајот од 2016 година е 988.

Табела бр.23: Полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2016 година

		Вкупно	18-21	22-25	26-45	46-59	60-65	65+
Жртви	Се	1081	55	240	418	295	44	29
	Жени	994	49	231	395	260	38	21
Сторители	Се	988	36	244	451	218	23	16
	Жени	86	1	20	47	15	1	2

Во табелата се изнесени податоци за полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст за 2016 година. Вкупниот број на жртви изнесува 1081, од нив 55 жртви имаат од 18 до 21 година, 240 жртви имаат од 22 до 25 години, 418 жртви имаат од 26 до 45 години, 295 жртви имаат од 46 до 59 години, 44 жртви имаат од 60 до 65 години и 29 жртви имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се жртви на семејното насилсто изнесува 994, од нив 49 жртви имаат од 18 до 21 година, 231 жртви имаат од 22 до 25 години, 395 жртви имаат од 26 до 45 години, 260 жртви имаат од 46 до 59 години, 38 жртви имаат од 60 до 65 години и 21 жртва имаат повеќе од 65 години. Во однос на вкупниот број на сторители тој изнесува 988, 36 сторители се од 18 до 21 година, 244 сторители имаат од 22 до 25 години, 451 сторители имаат од 26 до 45 години, 218 сторители имаат од 46 до 59 години, 23 сторител има од 60 до 65 години и 16 сторители имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се сторители изнесува 86, од нив 1 жена е од 18 до 21 година, 20 жени се од 22 до 25 години, 47 жени имаат од 26 до 45 години, 15 жени имаат од 46 до 59 години, 1 жена сторител од 60 до 65 години и само 2 жени се на возраст на повеќе од 65 години.

Податоци за 2017 година

Табела бр.24: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2017 година

	Вкупно	Деца без родители и родителска грижа	Деца во ризик
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	15	10	5

Во табелата се наведени правата на социјалната заштита на малолетни корисници за 2017 година, односно вкупно бројот на малолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејното насилство изнесува 15, од нив 10 корисници се деца без родители и родителска грижа и 5 се деца во ризик.

Табела бр.25: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2017 година

	Вкупно	Проблеми во бракот и семејството	Деца во ризик	Останато
Мерки за заштита на жртви на семејно насилство	265	113	82	50

Во табелата се наведени правата на социјална заштита на малолетни корисници во 2017 година, односно колку малолетни корисници искористиле мерки за заштита на жртви на семејното насилство. Вкупниот број изнесува 265, од нив 113 се малолетни корисници кои имале проблеми во бракот и семејството, деца во ризик се 82 и останати корисници се 50.

Табела бр.26: Малолетни корисници на социјална заштита според состојбата на евиденција 2017 година

Состојба на			

	почеток од година 01.01.2017 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2017
Семејно насилство	340	164	305	199

Во табелата е наведен број на малолетни корисници на социјална заштита и на почеток од 2017 година изнесувал 340, како новоевидентирани и ревидирани изнесува 164, ставени во пасива се 305 и состојбата на крајот од 2017 година изнесувал 199 малолетни корисници.

Табела бр.27: Малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2017 година

		Вкупно	Помалку од 7 години	7-13	14-15	16-17	18-26
Семејно насилство	Се	199	37	71	63	26	2
	Жени	91	17	38	23	12	1

Во табелата е наведен бројот на малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст во 2017 година. Вкупниот број е 199, додека пак од нив помалку од 7 години имале 37 малолетници, од 7 до 13 години имале 71, од 14 до 15 години имале 63, од 16 до 17 години имале 26 и од 18 години до 26 години имале само 2 малолетници. Малолетни корисници на социјална заштита кои се од женски пол нивниот број вкупно изнесува 91, од нив до 7 годишна возраст се 17 корисници, од 7 до 13 години имале 38, од 14 до 15 години имале 23, од 16 до 17 години имале 12 и од 18 до 26 имало само 1 корисник.

Табела бр.28: Права на социјална заштита на полнолетни корисници 2017 година

	Вкупно	Социјално исклучени	Стари лица	Други корисници
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	27	24	1	2

Во табелата се изнесени правата на социјална заштита на полнолетни корисници во 2017 година. Вкупниот број на полнолетни корисници кои се

сместени во центар за жртви на семејно насилство е 27, од нив социјално исклучени се 24, 1 старо лице и како други корисници се 2.

Табела бр.29: Полнолетни корисници на социјална заштита според состојба на евиденција 2017 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2017 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2017
Жртви	1081	1035	881	1235
Сторители	988	968	825	1131

Во табелата е наведен бројот на полнолетни корисници на сооцијална заштита според состојбата на евиденција за 2017 година. Бројот на жртви на почетокот на 2017 година е 1081, како новоевидентирани и ревидинирани се 1035, ставени во пасива се 881 и состојбата на бројот на жртви на крајот од 2017 година изнесува 1235. Бројот на сторители на почетокот на годината е 988, новоевидентирани и ревидирани се 968, ставени во пасива се 825 и бројот на сторители на крајот од 2017 година е 1131.

Табела бр.30: Полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2017 година

		Вкупно	18-21	22-25	26-45	46-59	60-65	65+
Жртви	Се	1081	55	240	418	295	44	29
	Жени	994	49	231	395	260	38	21
Сторители	Се	988	36	244	451	218	23	16
	Жени	86	1	20	47	15	1	2

Во табелата се изнесени податоци за полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст за 2017 година. Вкупниот број на жртви изнесува 1081, од нив 55 жртви имаат од 18 до 21 година, 240 жртви имаат од 22 до 25 години, 418 жртви имаат од 26 до 45 години, 295 жртви имаат од 46 до 59 години, 44 жртви имаат од 60 до 65 години и 29 жртви имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се жртви на семејното насилсто изнесува 994, од нив 49 жртви имаат од 18 до 21 година, 231 жртви имаат од 22 до 25 години, 395 жртви имаат од 26 до 45 години, 260 жртви имаат од 46 до 59 години, 38

жртви имаат од 60 до 65 години и 21 жртви имаат повеќе од 65 години.

Во однос на вкупниот број на сторители тој изнесува 988, 36 сторители се од 18 до 21 година, 244 сторители имаат од 22 до 25 години, 451 сторители имаат од 26 до 45 години, 218 сторители имаат од 46 до 59 години, 23 сторител има од 60 до 65 години и 16 сторители имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се сторители изнесува 86, од нив 1 жена е од 18 до 21 година, 20 жени се од 22 до 25 години, 47 жена има од 26 до 45 години, 15 жени имаат од 46 до 59 години, 1 жена сторител од 60 до 65 години и само 2 жени се на возраст на повеќе од 65 години.

Податоци за 2018 година

Табела бр.31: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2018 година

	Вкупно	Проблеми во бракот и семејството
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	30	30

Во табелата се наведени правата на социјалната заштита на малолетни корисници за 2018 година, односно вкупно бројот на малолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејното насилство изнесува 30 и сите корисници имале проблеми во бракот и семејството.

Табела бр.32: Права на социјална заштита на малолетни корисници 2018 година

	Вкупно	Деца без родители и родителска грижа	Проблеми во бракот и семејството	Деца во ризик	Останато
Мерки за заштита на жртви на семејно насилство	203	97	55	40	11

Во табелата се наведени правата на социјална заштита на малолетни корисници во 2018 година, односно колку малолетни корисници искористиле мерки за заштита на жртви на семејното насилство. Вкупниот број изнесува 203

малолетни корисници, 97 корисници биле деца без родители и родителска грижа, од нив 55 имале проблеми во бракот и семејството, 40 биле деца во ризик и останати корисници се 11.

Табела бр.33: Малолетни корисници на социјална заштита според состојбата на евиденција 2018 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2018 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2018
Семејно насилство	119	194	115	278

Во табелата е наведен број на малолетни корисници на социјална заштита и на почеток од 2018 година изнесувал 119, како новоевидентирани и ревидирани изнесува 194, ставени во пасива се 115 и состојбата на крајот од 2018 година изнесувал 278 малолетни корисници.

Табела бр.34: Малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2018 година

		Вкупно	Помалку од 7 години	7-13	14-15	16-17	18-26
Семејно насилство	Се	278	68	133	42	31	4
	Жени	133	38	56	21	14	4

Во табелата е наведен бројот на малолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст во 2018 година. Вкупниот број е 273, додека пак од нив помалку од 7 години имале 68 малолетници, од 7 до 13 години имале 133, од 14 до 15 години имале 42, од 16 до 17 години имале 31 и од 18 години до 26 години имале само 4 малолетници. Малолетни корисници на социјална заштита кои се од женски пол нивниот број вкупно изнесува 133, од нив до 7 годишна возраст се 38 корисници, од 7 до 13 години имале 56, од 14 до 15 години имале 21, од 16 до 17 години имале 14 и од 18 до 26 имало само 4 корисници.

Табела бр.35: Права на социјална заштита на полнолетни корисници 2018 година

Вкупно	Социјално

		исклучени
Сместување во центар за жртви на семејно насилство	24	24

Во табелата се изнесени правата на социјална заштита на полнолетни корисници во 2018 година. Вкупниот број на полнолетни корисници кои се сместени во центар за жртви на семејно насилство е 24 и сите се социјално исклучени лица.

Табела бр.36: Полнолетни корисници на социјална заштита според состојба на евиденција 2018 година

	Состојба на почеток од година 01.01.2018 година	Новоевидентирани и ревидирани	Ставени во пасива	Состојба на крај од година 31.12.2018
Жртви	1233	1000	1107	1126
Сторители	1129	960	1188	901

Во табелата е наведен бројот на полнолетни корисници на сооцијална заштита според состојбата на евиденција за 2018 година. Бројот на жртви на почетокот на 2018 година е 1233, како новоевидентирани и ревидинирани се 1000, ставени во пасива се 1107 и состојбата на бројот на жртви на крајот од 2018 година изнесува 1126. Бројот на сторители на почетокот на годината е 1129, новоевидентирани и ревидирани се 960, ставени во пасива се 1188 и бројот на сторители на крајот од 2018 година е 901.

Табела бр.37: Полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст 2018 година

		Вкупно	18-21	22-25	26-45	46-59	60-65	65+
Жртви	Се	1126	74	300	491	162	49	50
	Жени	1039	69	297	471	127	39	36
Сторители	Се	901	57	269	401	141	23	10
	Жени	72	3	12	20	33	1	3

Во табелата се изнесени податоци за полнолетни корисници на социјална заштита според пол и возраст за 2018 година. Вкупниот број на жртви изнесува 1126, од нив 74 жртви имаат од 18 до 21 година, 300 жртви

имаат од 22 до 25 години, 491 жртви имаат од 26 до 45 години, 162 жртви имаат од 46 до 59 години, 49 жртви имаат од 60 до 65 години и 50 жртви имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се жртви на семејното насилсто изнесува 1039, од нив 69 жртви имаат од 18 до 21 година, 297 жртви имаат од 22 до 25 години, 471 жртви имаат од 26 до 45 години, 127 жртви имаат од 46 до 59 години, 39 жртви имаат од 60 до 65 години и 36 жртви имаат повеќе од 65 години.

Во однос на вкупниот број на сторители тој изнесува 901, 57 сторители се од 18 до 21 година, 269 сторители имаат од 22 до 25 години, 401 сторители имаат од 26 до 45 години, 141 сторители имаат од 46 до 59 години, 23 сторител има од 60 до 65 години и 10 сторители имаат повеќе од 65 години.

Вкупниот број на жени кои се сторители изнесува 72, од нив 3 жени се од 18 до 21 година, 12 жени се од 22 до 25 години, 20 жена има од 26 до 45 години, 33 жени имаат од 46 до 59 години, 1 жена сторител од 60 до 65 години и само 3 жени се на возраст на повеќе од 65 години.

Од претходно прикажаните табели може да заклучиме дека најмал број на малолетни корисници кои го користеле правото на социјална заштита во однос на сместување во центар за жртви на семејно насилство има во 2014 година и тоа 14 и најголем број на сместени малолетни корисници има во 2018 година и тоа 30, што значи дека бројот двојно се зголемил само за неколку години.

Мерки на заштита на жртвите на семејно насилство најмалку малолетни корисници искористиле во 2014 година и тоа 50, додека пак најмногу имало во 2016 години и тоа 413.

Најмал број на случаи на семејно насилство на почеток од годината имало во 2018, а најголем во 2017 година, најмалку нови случаи имало во 2017 година и тоа 154, а најмногу во 2016 година – 460. Случаи кои се ставени во пасива најмал број има во 2018 - 115, а најголем во 2016 година - 420. На крајот од годината најмалку случаи имало во 2017 година, а најмногу во 2016 година.

Најмногу корисници на социјална заштита имало во 2016 година и тоа 340 корисници, додека пак најмалку малолетниците користеле ваков тип на заштита во 2017 години и тогаш биле пријавени само 199 корисници.

Најранливи се малолетниците од 7 до 13 години и тие најчесто се корисници на социјална заштита, а најретки се малолетниците од 18 до 26 години. Во однос на полнолетните корисници кои се жртви и нивното сместување во центар најмал број биле сместени во 2014 година и тоа 20, а најголем број во 2016 година 29 жртви и тоа повеќето од нив биле социјално исклучени лица. Најголем број на полнолетни жртви имало во 2018 година, но и најголем број на сторители имало истата година. Најмалку полнолетни жртви и сторители имало во 2016 година. Најголем број на полнолетни жртви имало во 2018 година, додека во 2016 и 2017 година има иста бројка на жртви, таа е 1081 и се смета за најмала.

Според податоците најголем број на сторители на семејно насилство имало во 2015 година, а најмал број на сторители во 2018 година. Најранливи се полнолетните лица од 26 до 46 години, а најмал број случаи на семејно насилство се случуваат на луѓето на возраст над 65 години.[99]

2. Анализа на статистички податоци за решени предмети од кривична материја во врска со семејно насилство во Апелационен суд – Битола

Во истражувањето за овој магистерски труд свое место имаат и добиените податоци за решени предмети на кривичните дела со кои се опфаќа семејното насилство во периодот од 2014 до 2018 година од Апелациониот суд во Битола, кои се прикажани во следната табела.

Табела бр. 38 Решени предмети за кривични дела во врска со семејно насилство од Апелационен суд Битола во период 2014-2018г.

Кривично дело	2014	2015	2016	2017	2018	Вкупно
Загрозување на сигурноста	14	14	6	9	15	58
Телесна повреда	5	5	5	6	16	37
Тешка телесна повреда	/	4	/	/	1	5
Вкупно	**19**	**23**	**11**	**15**	**32**	**100**

99 Државен завод за статистика

Во табелата се содржани податоци за периодот од 2014 година до 2018 година и тоа за кривичните дела загрозување на сигурноста, телесна повреда и тешка телесна повреда.

Од оваа табела може да утврдиме дека најкритична година е 2018, бидејќи има најголем број на извршени кривични дела, додека пак 2016 има најмалку извршени кривични дела кои се во врска со семејното насилство.[100] Фактички од табелата може да се заклучи дека вкупниот број на решени предмети за овие три кривични дела од КЗ кои се во врска со семејното насилство во анализираниот период бележи пораст.

Доколку пак поединечно ги анализираме овие три дела во анализираниот период евидентно е дека решените предмети за делото телесна повреда бележат пораст (2014 – 5, 2015 – 5, 2016 – 5, 2017 – 6, 2018 - 16), за тешка телесна повреда се во опаѓање (2015 – 4, 2018 - 1), а за делото загрозување на сигурноста има циклични движења (2014 – 14, 2015 – 14, 2016 – 6, 2017 – 9, 2018 - 15).

3. Анализа на случај од праксата на Основниот суд во Битола

Во контекст на истражувањето во текот на изработката на магистерскиот труд беше направена и анализа на случај од пракса на Основниот суд во Битола кој што е во врска со кривичното дело од членот 377 став 5 од Кривичниот Законик на РСМ - Неизвршување на судска одлука.

Предметот започнал со доставување на Обвинителен предлог од страна на Основното јавно обвинителство до Основниот суд во Битола против лице кое што е пензиониран полицаец, македонец, оженет и татко на две полнолетни ќерки. Обвинението се покренало бидејќи постапил спротивно на решението донесено од Основниот суд во Битола во кое му била изречена забрана да се заканува, дека ќе стори семејно насилство, да малтетира, вознемирува или на друг начин директно или индиректно да комуницира со неговата сопруга во рок од 3 месеци. Ова решение се изрекло бидејќи тој физички ја нападнал сопругата. Но, по еден месец, иако било веќе донесено решението со кое се

[100] Апелационен суд Битола

изрекува забрана, обвинетиот ја прекршил забраната бидејќи ја бркал неговата сопруга од домот на неговата мајка и почнал да ја навредува. Врз основа на овој немил настан, по претходно примена кривична пријава Основното јавно обвинителство Битола поднел обвинителен предлог со кој му предложил на Основниот суд во Битола да закаже главна расправа на која што ќе се испитаат сведоците, ќе се изведат и другите потребни докази, по што обвинетиот ќе биде прогласен за виновен и ќе добие казна согласно КЗ.

Кривичната пријава ја поднела сопругата на обвинетиот. Во неа било наведено дека сопругот ја малтретирал, ја тепал, ја штипел, ја плукал, но пресуден момент за нејзино поднесување бил кога кога сопругот ја нападнал и почнал да ја брка сопругата во куќата на неговата мајка додека била на ручек со ќерката.

Основниот суд во Битола донел наредба со која закажал главна расправа, на која требало бидат повикани основниот јавен обвинител, обвинетиот и оштетената. На главната расправа се водел записник во кој бил содржан целиот тек на настанот. Прво, од страна на судот обвинетиот бил поучен дека има право да молчи, да даде свој исказ, да предлага докази, да дава забелешки во однос на доказите, дека има право на бранител и по сето ова обвинетиот требало да се изјасни дали ги разбира правата кои му се укажани. Во однос на оштетенитот, тој имал право да остане во судницата и да го следи текот на расправата, да укажува на сите факти, да предлага докази кои се од важност за утврдување на кривичната одговорност и имотно-правното барање, да поставува прашања до обвинетиот, сведоците и вештаците, да изнесува забелешки и објаснувања во поглед на нивните искази, да дава други поуки и да става други предлози.

Главната расправа започнала со изнесување на содржината на обвинителниот предлог од страна на застапникот на обвинението. Оштетената се придржувала на претходно кажаното и притоа барала како сведок да се сослуша нејзината керќа кој исто така била присутна на немилиот настан. Обвинетиот барал да се сослуша неговата мајка како сопственик на куќата во која се случил настанот. Обвинетиот се изјаснил дека не се чувствува виновен во однос на целиот настан.

Во текот на доказната постапка како сведоци биле сослушани оштетената, нејзината ќерка, нејзината свекрва и на крај исказ дал и обвинетиот.

Оштетената навела дека е во нарушени односи со сопругот и објаснила дека првиот настан се случил во нивната куќа, во кујната кога дошол сопругот и почнал да ја навредува со погрдни зборови, да ја корни за косата, да ја штипи по рацете, да ја плука. Настанот го пријавила, по што на нејзиниот сопруг му било изречено решение, но сопругот и понатаму продолжил да врши физичко и психичко насилство. Потоа, јавниот обвинител побарал оштетената да му го објасни детално наредниот насилен настан. Оштетената навела дека таа и ќерка и биле викнати од страна на свекрвата на ручек во нејзината куќа на село. Свекрвата му се јавила на девојката на синот и му рекла да го остави, бидејќи тој има семејство. По некое време дошол синот и почнал да вика по оштетената и пробал да ја фрли од столот на кој седела. Тогаш се вмешала и свекрвата и почнала да ја брани оштетената. Сведок на овој настан била и нивната ќерка. Оштетената додала дека таа и сопругот живеат во заеднички стан и дека не се судски разделени.

На крај се пристапило кон давањето на исказ на обвинетиот. Тој во својата одбрана кажал дека бил жртва на семејно насилство и непочитување на судска одлука. Тој и кажал на сопругата дека ќе ја пријави во полиција, но таа се јавила во ЦСР. Конкретниот ден тој бил нападнат физички од нејзина страна. Обвинетиот навел дека го нема примено решението со кое му се изрекува забрана и доколку му пристигнело решението ќе поднел жалба за да се заштити самиот. Физички не ја нападнал сопругата, односите им биле нарушени и секогаш барал излез на подобар начин. Бидејќи задоцнил кај неговата мајка ја прашал сопругата зошто не му кажала дека ќе оди на посета, но таа не му одговорила. Кога влегол во дворот таму ја видел сопругата и бидејќи имало судска одлука да не му се доближува и рекол што бараат тука и си заминал, но тие се обиделе да го спречат да замине. Наредно јавниот обвинетел го испрашувал обвинетиот. Тој му поставил прашање дали ја знае содржината на решението во кое се изрекува забрана да му се доближува сопругата. Обвинетиот одговорил дека е запознаен со содржината и тоа е решение во кое се изрекува забрана за семејно насилство и за тоа се жалел во ЦСР. Јавниот обвинител повторно му поставил прашање дали во тоа решение е

напишано дека сопругата не смее да се приближува до неговата мајка, на што обвинетиот одговорил дека во решението пишувало дека не треба да врши семејно насилство врз него. На прашањето од јавниот обвинител зошто обвинетиот сметал дека неговата сопруга и ќерка одат кај неговата мајка за него да му вршат семејно насилство, обвинетиот одговорил дека неговата сопруга не била во посета на мајка му скоро две години и дента отишла таму за да го нападнат заедно.

На крај по завршувањето на доказната постапка, со слободна оцена на доказите, при тоа ценејќи го секој доказ поединечно и сите докази заедно, судот одлучил на обвинетиот да му изрече алтернативна мерка - условна осуда за сторено кривично дело од чл. 377 став 5 од Кривичниот Законик на РСМ - Неизвршување на судска одлука.

За подобро запознавање со целиот предмет во прилог ќе биде приложена пресудата.[101]

4. Анализирање на податоци од спроведен анкетен прашалник

За потребите на овој магистерски труд беше изработен анкетен прашалник кој беше спроведен по електронски пат во месец декември во 2019 година. Прашалникот е составен од 10 прашања. Примерокот врз кој се реализираше истражувањето беше во обем од 53 испитаници, кои се на различна возраст, опфатени се и мажи и жени, со различни занимања и повеќето анкетирани лица се од Битола. Анкетата е спроведена на македонски јазик. Во продолжение се наведени прашањата заедно со добиените одговори од испитаниците.


1. Дали го знаете значењето на поимот Семејно насилство?

Табела бр.39 Понудени одговори на прашање бр.1

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Да	100%	53
Не	0%	0

Графикон бр.1 Запознаеност со значењето на поимот семејно насилство

[101] Основен суд Битола



Добар показател е тоа што сите испитаници, вкупно 53, кои учествувале во оваа анкета се запознаени со значењето на терминот семејно насилство.

2. Која категорија на луѓе е под најголем ризик од семејно насилство?

Табела бр.40 Понудени одговори на прашање бр.2

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Брачен другар	69,81%	37
Родители	0%	0
Деца	18,87%	10
Лица кои живеат во вонбрачна заедница	7,55%	4
Поранешен брачен другар	3,77%	2

Графикон бр.2 Категорија на луѓе кои се под ризик да станат жртви на семејното насилство



Од вкупниот број на испитаници, 37 сметаат дека под најголем ризик за семејно насилство се брачните другари, 10 испитаници сметаат дека децата се под најголем ризик, 4 испитаници ги сметаат лицата кои се во вонбрачна заедница и само 2 ги сметаат поранешните брачни другари.

3. Која е најчеста форма на семејно насилство?

Табела бр.41 Понудени одговори на прашање бр.3

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Физичко насилство	71,70%	38
Психичко насилство	24,53%	13
Сексуално насилство	1,89%	1
Економско насилство	1,89%	1

Графикон бр.3 Која е најчеста форма на семејно насилство?




Во однос на третото прашање, 38 испитаници како најчеста форма на семејно насилство го одредуваат физичкото насилство, 13 испитаници - психичкото насилство, 1 испитаник - сексуално насилство и 1 испитаник економското – насилство.

4. Фактори кои влијаат на извршување на семејното насилство се:

Табела бр.42 Понудени одговори на прашање бр.4

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Алкохолизам	58,49%	31
Парични проблеми	9,43%	5
Проблеми на работно место	0%	0
Невработеност	1,89%	1
Сиромаштија	15,09%	8
Љубомора	13,21%	7
Непослушност	1,89%	1
Одбивање на сексуален однос	0%	0

Графикон бр.4 Фактори кои влијаат на извршување на семејно насилство



Како најголем ризик фактор за настанување на семејното насилство 31 испитаник смета дека е алкохолот, 8 испитаници – паричните проблеми, 7 испитаници – љубомора, 1 испитаник – невработеноста и 1 испитаник – непослушност.

5. Најчести сторители на семејното насилство се...

Табела бр.43 Понудени одговори на прашање бр.5

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Мажи	98,11%	52
Жени	1,89%	1

Графокон бр.5 Најчести сторители на семејно насилство



За најчести сторители се сметаат мажите, тоа го докажува анкетата и дури 52 испитаници го делат истото мислење, а само 1 испитаник смета дека жените се сторители на семејно насилство.


6. Која институција најдобро би пружила помош во случај на семејно насилство?

Табела бр.44 Понудени одгвори на прашање бр.6

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:

Центар за социјална работа	66,04%	35
Министерство за внатрешни работи	33,96%	18
Здравствени установи	0%	0
Здруженија на граѓани	0%	0
Единици на локална самоуправа	0%	0

Графикон бр.6 Која институција најдобро би пружила помош во случај на семејно насилство



Од институциите во кои граѓаните имаат доверба дека најдобро би пружиле помош во случај на семејно насилство се издвојуваат Центарот за социјални работи и Министерството за внатрешни работи.

7. Дали сметате дека државата може да ги заштити граѓаните од ваков вид на насилство?

Табела бр. 45 Понудени одговори на прашање бр.7

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Да	67,92%	36
Не	32,08%	17

Графикон бр.7 Заштита од страна на државата




Во однос на довербата во државата и колку може таа да им помогне на жртвите на семејно насилство, 36 испитаници и веруваат, 17 не и ја даваат својата доверба.

8. Дали знаете дека постои посебен закон со кој се уредува превенцијата, спречувањето и заштитата од семејно насилство?

Табела бр.46 Понудени одгвори на прашање бр.8

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Да	86,79%	46
Не	13,21%	7

Графикон бр.8 Закон за превенција, спречување и заштита на семејно насилство



Поголем број од испитаниците се запознаени со законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, а само 7 од вкупниот број испитаници не се запознаени.


9. Најчести последици од семејното насилство се...

Табела бр.47 Понудени одговори на прашање бр.9

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Страв	37,74%	20
Срам	15,09%	8
Запоставување	3,77%	2
Губење самодоверба	24,53%	13
Депресивност	15,09%	8

Ноќни кошмари	0%	0
Нарушување на исхрана	0%	0
Злоупотреба на дрога и алкохол	3,77%	2

Графикон бр.9 Последици од семејното насилство




Како најчести последици од семејното насилство според испитаниците се страв, губење самодоверба, срам, депресивност, запоставување и злоупотреба на дрога и алкохол.

10. Дали семејното насилство е доста застапено во РСМ?

Табела бр.48 Понудени одговори на прашање бр. 10

Понудени одговори:	Проценти:	Број на испитаници:
Да	75,47%	40
Не	3,77%	2
Незнам	20,75%	11

Графикон бр.10 Застапеноста на семејното насилство во РСМ



Во однос на застапеноста на семејното насилство во нашата земја, 40 испитаници сметаат дека е многу застапено, 11 испитаници не се запознаени и само 2 испитаници сметаат дека не е застапено семејното насилство во РСМ.

Од претходно спроведната анкета на тема семејно насилство може да прецизираме дека станува збор за тема за којашто граѓаните се запознаении, потоа дека мажите се најчести сторители на семејно насилство, со што се потврдува поединечната хипотеза број 2 - *Како сторители на семејното насилство најмногу се среќаваат мажите*. Како најранлива категорија на лица кои се под ризик од семејното насилство се сопруг/а, децата, лица кое се во вонбрачна заедница и поранешните брачни другари. Според одговорите на испитаниците најчеста форма на семејно насилство е физичкото насилство, со што се потврдува првата поединечна хипотеза – *Најчест облик на семејното насилство е физичкото насилство*. Како фактори кои најмногу влијаат на семејното насилство се алкохолизмот, сиромаштијата, љубомората од страна на партнерот, паричните проблеми. Поголемиот број на граѓани сметаат и веруваат на државата и дека таа може да им помогне да го решат овој проблем, а како најверодостојни институции најголем дел од испитаниците ги издвоија Центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи. Потоа, исто така голем број од испитаниците се запознати со Законот за превенција, спречување и заштита од семејното насилство. Според испитаниците и предложените одговори како најчеста последица на семејното насилство се срамот, стравот, депресивноста, губење на самодоверба и употребата на алкохол и дрога. Може да заклучиме дека со семејното насилство се повредува човекот и дека тоа врз жртвите остава вечни траги, како и физички, така и психички. Во таа насока, од се претходно наведено прозилегува и потврдување на генералната хипотеза според која насилството во семејството е сериозен општествен проблем, кој манифестира тешки последици врз жртвите.

Глава 8

1. Превенција на семејно насилство

Што е превенција? Превенцијата е запирање на нешто (во овој случај, семејно насилство) пред да се случи. Иако концептот на превенција се чини релативно едноставен, спроведувањето на превенцијата е комплексно и предизвикувачко.

Насилството е однесување научено од родители, старатели, училишта, пријатели, заедници, медиуми, локални, државни и национални политики - сите тие рефлектираат како луѓето ги третираат другите. За да се спречат овие научени однесувања да се случуваат во врски, насилното однесување треба во суштина да биде заменето со поздрави однесувања, или уште подобро во младоста да започне со здрави, ненасилни однесувања.

Во реалниот свет, превенцијата може, и треба, да изгледа различно во секое соседство, заедница, округ, држава и др. Една од најголемите предности на работата за превенција е тоа што е прилагодена на уникатните потреби на секоја заедница.

Кога луѓето мислат на семејна злоупотреба, тие честопати се фокусираат на семејно насилство. Но, домашната злоупотреба го вклучува секој обид на едно лице во интимна врска или брак, со цел да доминираат и контролираат други. Семејно насилство и злоупотреба се користат само за една цел и за една намена: да се добие и да одржи тоталната контрола врз некое лице. Сторителот не „игра фер“. Тој користи страв, вина, срам и заплашување, различни начини за да почувствува дека ја има моќта над лицето. Семејно насилство и злоупотреба може да се случи на секого; не прави разлика. Злоупотребата се случува во рамките на хетеросексуалните односи и во истополовите партнерства.

Се појавува на сите возрасти, етнички средини и економски нивоа. И додека жените почесто се жртви, исто така, мажите имаат искуство во злоупотребата, особено вербална и емотивна. Навредливо однесување никогаш не е прифатливо, без разлика дали е од маж, жена, тинејџер или постара личност. Луѓето заслужуваат да се чувствуваат ценети, почитувани и безбедни. Семејната злоупотреба честопати ескалира од закани и вербален напад до

насилство. И додека физичката повреда може да претставува најочигледна опасност, емоционалните и психолошките последици од домашната злоупотреба се исто така сериозни. Емотивно насилните врски може да ја уништат самодовербата, да доведат до анксиозност и депресија и да направат жртвата да се чувствува дека е беспомошна и сама. Никој не треба да издржува ваков вид болка - и првиот чекор е да се ослободи и да признае дека таа врска е навредлива.

Клучот за спречување на семејното насилство е подигање на свеста и промовирање, како и едукација во заедницата.

Законот за превенција, заштита и спречување од семејно насилство има за цел токму преземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. Одговорното и должното постапување на институциите и здруженијата, како и нивната меѓусебна координација и соработка ќе овозможат превенирање и спречување на семејното насилство и обезбедување заштита на жртвите.

Превенцијата на семејното насилство треба да биде насочена кон:

- промовирање на општествени и културни вредности на однесување, кои се засноваат врз еднаквост на жените и мажите,

- воведување на програми за ненасилно однесување од најрана возраст во предучилишните установи,

- воведување на програми за ненасилно однесување и разбирање на родовата еднаквост во основните училишта,

- воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, разбирање и вреднување на принципот за еднаквите можности помеѓу жените и мажите, во средните училишта,

- воведување на програми за развивање на способности за мирно решавање на конфликти, почитување на дигнитетот и достоинството на личноста, недискриминација и еднаквоста помеѓу мажите и жените во високо образовните институции,

- обезбедување на стручна советодавна и советувалишна работа во советувалишта за брак и семејство, центрите за социјална работа и други институции,

- спроведување на кампањи или програми за подигнување на свеста и разбирањето на општата јавност за препознавање и последиците од семејното насилство,

- воведување на контунуирани обуки за стручните лица за извршување на работите од својата надлежност и родово засновано насилство,

- подигнување на нивото на одговорност на печатените и електронските медиуми за објективно известување за случаите на семејно насилство, при што да не се наведуваат околности кои можат да значат повреда на човековите права, дигнитетот на личноста и избегнување на секаква дискриминација на мажите и жените.

Неопходен во превенцијата на семејното насилство е мултисекторскиот пристап, заедничкото дејствување на повеќе институции, поддржани од семејствата и средствата за комуникација, медиумите и социјалните мрежи кои единствено преку заедничко дејствување и активности ќе може да постигнат успех во борбата против семејното насилство.

Она што е исто така неопходно е да се овозможи информираност на сите поединци за тоа дека семејното насилство е злоупотреба на моќта во семејство или довербата во односот каде луѓето се потпираат едни на други. Секој може да доживее семејно насилство и кога некој доживува семејно насилство, неговата благосостојба, безбедност и опстанок се загрозени.

Ноември е месец за спречување на насилството во семејството, кога се презмаат повеќе мерки и активности насоечни кон зголемување на свеста и преземање акција за да се спречи семејното насилство, пружање на помош на самите себе или на некој што доживува насилна врска, охрабрување на другите да дознаат повеќе и да преземат акција.

Сите ние може да имаме голема улога во постапката за да се подигне свеста кај луѓето во светот. Кога знаеме како да препознаеме насилство и злоупотреба, можеме да сториме повеќе и да пружаме поголема поддршка и создавање на здрави односи и безбедна домашна средина. [102]

[102] https://www.pcadv.org/about-abuse/prevention/ 07.06.2020 година

Заклучок

Семејното насилство го уништува човекот. Првенствено, се појавува меѓу луѓе кои некогаш се сакале, се почитувале. Од нормална средина на луѓе кои што планирале семејство, потомци и нивно издигнување се случува пресврт на целиот тој начин на функционирање. Насилството е недопуштено кај било кое човечко суштество. Најчесто се случува во домашен амбиент. Сепак, мажите се оние кои обично се помоќни и физички посилни, а доколку ја применат таа сила кај жртвата предизвикуваат страв, стрес, срам, потчинување и предизвикуваат и емоционални и психички штети. Ваквото оштетување е многу тешко за лекување. Доколку жртвата е дете, тогаш настанува трагедија во вистинска смисла на зборот. Во мозокот на децата се вмрежува страв и омраза кон сторителот на тоа дело. Детето може да се обвинува себеси за проблемот и истиот да го препишува на себе.

Секоја индивидуа, особено професионалците не остануваат смирени и рамнодушни со фактот дека насилството е насекаде околу нас. Секој член на општеството во помала или поголема мера е виновник за тоа и затоа мора да се преземат мерки за одговорност, да се воспостави систем со кој ќе се заштитат жртвите и ќе се изврши превенција од насилство. Професионалното постапување со оваа ранлива категорија на луѓе најмногу може да придонесе за навремена заштита и превенција на жртвите.

За семејното насилство постои стереотип и најчесто тоа се смета за ситно дело. Направените истражувања покажуваат дека врз жртвите на семејното насилство се врши многу повеќе насилство од жртвите на било кој друг вид на насилство. Податоците за пријавените случаи не ја изразуваат реалната застапеност на насилството во семејството во нашата држава. Со сигурност може да се каже дека постои голема темна бројка на делата од областа на семејното насилство. Треба да се земе во предвид дека жртвите од некакви свои причини не го пријавуваат немилиот настан.

Лицето е подложно на насилство од своето детство, па се до негови постари години т.е. во текот на целиот живот. Како најчести жртви се, сепак, поранливите групи како што се: децата, жените, постарите лица.

Насилството се изразува преку низа згрозувачки дејствија кои едно лице ги презема кон своите најблиски за да измами моќ, контрола над нив, да си

задоволи некои свои сопствени желби и потреби. Станува збор за кршење на основните права и слободи на човекот.

Последиците се многубројни, но најповредено е секогаш менталното здравје на лицата кои се вклучени директно или индиректно преку набљудување на ова злодело. Показател на семејното насилство е количината на насилство кое што се одвива во општеството и неговото пренесување по разни медиуми.

Најголема последица од семејното насилство е тоа што се пренесува генерациски и целосната слика на насислтвото во текот на детството се развива и користи во повозрасната доба од животот на лицето.

Во пошироката јавност се обрнување внимание само кога станува збор за брутални убиства кои настанале при семејно насилство. Но, секогаш постои дел кој останува неприкриен.

Недостаток во нашето позитивно казнено законодавство е тоа што во Кривичниот законик не постои посебно кривично дело семејно насилство, туку тоа е вклучено во рамките на другите постоечки кривични дела.

РСМ треба да се погрижи за доследно применување на законите кои се однесуваат на семејното насилство. Бројот на малтретирани лица секојдневно се зголемува, тие живеат во страв и не го пријавуваат случајот. Она на што нашата држава посебно треба да посвети внимание е превенцијата на семејно насилство, која би овозможила спречување и сузбивање на семејното насилство, а секако и рано откривање, детекција и третман и на сторителите, но и на жртвите на делата насилство во семејството.

ПРИЛОГ 1

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА, како првостепен кривичен суд со судијата Ц.Н, како судија поединец и записничарот П.Т., постапувајќи во кривичниот предмет против обвинетиот З.Р. од Битола, за продолжено кривично дело „ Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 в.в. со чл.45 ст.1 од КЗ, оформен по обвинителен предлог на ОЈО Битола КО.бр..... од 17.07.2018 година, по одржаниот устен, главен и јавен претрес во присуство на застапникот на обвинението ЈО О.Н.,обвинетиот З.Р., оштетената Л.Р. на 08.10.2018 година ја изрече следната:

П Р Е С У Д А

Обвинетиот
З.Р., од татко Т и мајка Љ, роден на .... година во с.Р., а живее во Битола на ул.„ДЛ“ бр., со ЕМБГ:..., Македонец, државјанин на РМ, писмен со завршено средно полициско училиште, сега пензионер со месечни примања од 27.000,00 денари, оженет, татко на две полнолетни ќерки, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

В И Н О В Е Н Е

Затоа што:

I

На 11.04.2018г. во 19,00 часот во Битола во семејниот дом на ул.„Д.Л.“ бр....,иако бил задолжен не постапил по судската одлука-Решение ВПП-2... од 03.04.2018г., донесено во постапка за издавање наредба за заштита на права, со кое била изречена забрана да се заканува дека ќе стори смејно насилство, да малтретира вознемирува или на друг начин да комуницира директно или индиректно со Л.Р., во времетраење од три месеци, на начин што по предходно настаната вербална расправија, физички ја нападнал неговата сопруга-оштетената Л.Р., ја штипел по рацете ја влечел за коста ја плукал и и упатувал навредливи зборови.

II

На 12.05.2018г. во с.Р., иако бил задолжен не постапил по судската одлука-Решение ВПП2... од 03.04.2018г., донесено во постапка за издавање наредба за заштита на права, со кое била изречена забрана да се заканува дека ќе стори смејно насилство , да малтретира вознемирува или на друг начин да комуницира директно или индиректно со Л.Р., во времетраење од три месеци, на начин што кога дошол во домот на неговата мајка во с.Р., каде предходно била пристигната оштетената Л.Р. заедно со нејзината полнолетна ќерка, започнал да ја брка оштетената да си оди од куќата и да ја навредува со вулгарни зборови.

Со што сторил продолжено кривично дело„ Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 в.в. со чл.45 ст.1 од КЗ, па врз основа на овој член и членовите: 32, 33, 34, 35, 39, 48, 48 - а, 49 и 50 од КЗ,

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

АЛТЕРНАТИВНА МЕРКА – УСЛОВНА ОСУДА

МУ СЕ УТВРДУВА Казна затвор во траење од 1 – една година која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 – две години не стори ново кривично дело.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот да плати на судот паушал во износ од 3.500,00 денари, на трезорска сметка на Основниот суд Битола, НБ на РМ, на трансакциона сметка бр.100000000063095, сметка на буџетски корисник единка и корисник бр. 2901000073663118, приходна шифра и програма – 72413220, начин – 2, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, во спротивно истите ќе се наплатат по присилен пат.

О б р а з л о ж е н и е

ОЈО Битола поднесе обвинителен предлог КО.бр.... од 17.07.2018 година против обвинетиот З.Р. од Битола, за продолжено кривично дело „Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 в.в. со чл.45 ст.1 од КЗ, сторено на начин опишан како во изреката на пресудата.

Судот постапувајќи по обвинителниот предлог закажа и одржа усна, јавна и главна расправа која започна со изнесување на содржината на обвинителниот

предлог од страна на застапникот на обвинението, кој изнесе дека останува во целост на писмено поднесениот обвинителен предлог. Во завршен збор застапникот на обвинението кажа останувам во целост на поднесениот обв. - предлог. Сметам дека од изведените докази , а особено од исказите на сведоците оштетената и сведокот А., јасно се утврди дека обвинетиот не го прочитувал решението ВПП-2 ... од 03.04.2018 г. со кое му била изречена забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство, да ја малтретира, вознемирува, комуницира директно или инидректно со оштетената за период од 3 месеци со тоа што најпрво на 11.04.2018 г. во околу 19 ч. физички ја нападнал сопругата и како што кажува таа ја штипел, ја плукал и сл. , како и на 12.05.2018 г. која ја нападнал сопругата во домот ан неговата мајка во с.Р.. Дека настаните се случиле онака како е наведено во обв. пределог произлегува делумно и од исказот предложен од обвинетиот - сведокот Љ.Р. Во својот исказ таа потврдува дека таа лично ги викнала оштетената и нејзината ќерка А.. на гости и дека тоа фактички го изнервирало обвинетиот поради што го сторил делото за кое е обвинет. Факт е дека во врермето на двата станати постоело решението на овој суд за забрана за вршење на семејно насилство, обвинетиот знаел за истото, но сепак ги презел дејствија со кои се однесувал спротивно на тоа решение, а со тоа го сторил и кр.дело од чл.377 ст.5 од КЗ вв чл.45 ст.1 од КЗ. Предлагам на судот по оценка на сите околности обвинетиот да го огласи за виновен и осуди по законот.

Во завршен збор оштетената наведе дека не истакнува оштетно побарување.

Во завршен збор обвинетиот кажа во врска со овој период кога оваа времена мерка била во сила јас не ја знаев, зошто да не ја почитувам кога знам дека е кр. дело, работам во полиција и не смеам такви работи да преземам. За критичниот период секогаш одам во село, закаснав заради поправка на кола и земање некои намирници на мајка ми. Во периодот кога е доенсена оваа времена мерка со сопругата се беше најнормално, ова го дознав кога го добив обв. предлог. Мајка ми не ја има посетено оштетената 2 години и оштетената му се јави на мајка ми дека ќе ја посетат, а не мајка ми. Останувам во се кажаното како во одбраната. Не се чувствувам за виновен.

Во доказна постапка сослушана е оштетената Л.Р. како сведок, сведоците А.Р. и Љ.Р., прочитани се : записник за примање на пријава бр.... од 14.05.2018 г.

изврши увид во предметите ВПП 2.... и ВПП-2.... на Основенсуд Битола и КО ..... на ОЈО Битола, жалба доставена денес од обвинетиот кон предметот КО ...., листа од казнена евиденција на овој суд Кр .... од 10.07.2018 г. , како и записник за примање на приајва од 04.10.2018 г. бр. .....

Па од изведените докази ценејќи го секој посебно и сите заедно како целина судот ја утврди следната фактичка состојба:

Обвинетиот З.Р. е роден на ..... година во с.Р., а живее во Битола, пензионер, со месечни примања од 27.000,00 денари, оженет, татко на две полнолетни ќерки, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

Обвинетиот и оштетената се во брачна заедница и живеат заедно. Нивните меѓусебни односни се нарушени.Од страна на овој суд е донесено решение ВПП2-....од 03.04.2018г. со кое решение према обвинетиот се изречени привремени мерки на заштита и тоа: забрана да се заканува дека ќе стори смејно насилство, како и забрана да малтретира вознемирува или на друг начин да комуницира директно или индиректно со оштетената Л.Р., во времетраење од три месеци.

Обвинетиот не постапил по вака донесеното решение ВПП2-....од 03.04.2018г. иако бил задолжен со истото и на ден 11.04.2018г. во 19,00 часот во Битола во семејниот дом на ул.„Д.л“ бр.....по предходно настаната вербална раправија, физички ја нападнал неговата сопруга-оштетената Л.Р., ја штипел по рацете ја влечел за коста ја плукал и и упатувал навредливи збор како и на ден 12.05.2018г. во с.Р., дошол во домот на неговата мајка во с.Р., каде предходно била пристигната оштетената Л.Р. заедно со нејзината полнолетна ќерка, започнал да ја брка оштетената да си оди од куќата и да ја навредува со вулгарни зборови.

Ваквата фактичка состојба се утврди од изведените докази во текот на постапката.

Личните и семејните прилики за обвинетиот се утврдија од податоците дадени во обвинителниот предлог, како и лично од обвинетиот дадена на главна расправа.

Од увидот во списите на предметот како и од решението ВПП2-... од 03.04.2018г. неспорно се утврдува дека со ова решение према обвинетиот се изречени привремени мерки на заштита и тоа: забрана да се заканува дека ќе

стори смејно насилство, како и забрана да малтретира вознемирува или на друг начин да комуницира директно или индиректно со оштетената Л.Р., во времетраење од три месеци. За кое решение З. дознал веднаш откога оштетената го примила решението бидејќи му кажала за истото на З.. А видно и од списите во предметот ВПП2-.... направени се повеќе обиди за достава на решението ВПП2-.... но З. иако уредно известен да го подигне писменото тоа не го сторил.

Од исказот на оштетената Л.Р. која беше сослушана како сведок на кој исказ судот му поколони верба се утврдува дека на ден 11.04.2018г. сопругот бил излезен, се вратил по некое време, таа била во дневната соба, почнал да ја вреѓа со зборовите ,,глупава, проста, недомаќинка, курва, ороспија,,. По извесно време како што седела, почнал да ја корне за коса, да ја штипи, да ја плука. Истото се случило и на ден 12.05.2018г. свекрвата ја викнала неа и ќерката А. да одат во село на ручек. Отишле а свекрвата и се јави на швалерката на обвинетиот ,,за да го остави З. на раат, дека си има фамилија,,. После разговорот обвинетиот дошол во куќата на неговата мајка во с.Р. сам, бил изреволтиран, изнервиран и почнал по неа да вика ,,курво, ороспијо што бараш ти тука немаш право да бидиш тука,, и како што седла на маста го кренал со столот кој бил платичен, и сакал да фрли со столот по неа. Свекрвата ја одбранила а обвинетиот престанал да ја брка.Овде била и нивната ќерката А.. Пред овие настани сопругот вршел врз неа психичко и физичко насилство и затоа било донесено решението ВПП2-...од 03.04.2018г. каде судот му наложил дека не смее да ја малтретира и да нема никакви контакти со неа.За решението З. дознал веднаш откога таа го примила решението бидејќи му кажала за истото на З. но тој не го испочитувал решението и продолжил да ја малтретира.

На овој исказ се надоврзува и исказот на сведокот А. ќерка на обвинетиот и оштетената на кој исказ судот му поколони верба која наведува дека биле дома со нејзината мајка, а татко и бил излезен. Се јавила баба и критичниот ден и ги викнала со мајка и да одат кај неа. Двете отишле кај баба и во с. Р. Баба и ги викнала за да му однесат работи за јадење бидејќи во селото немало продавница, бидејќи обвинетиот не и носел намирници на баба и редовно. Баба и и звонала на телефон на жената што била со татко и. По 20 минути дошол татко и во с.Р.. Обвинетиот бил изреволтиран, почнал да викна по мајка и ,,ти курво, ти ваква,, ја кренал со се столица ја извадил надвор, ја влечел за

косата ,,ти старата моја ќе ја вртиш против мене„“ После ова обвинетиот заминал, а таа и мајка и останале кај баба и.

Од исказот на сведокот Љ.Р. се потврди фактот дека таа ја викнала оштетената да оди кај неа и дека потоа дошол нејзиниот син сега обвинетиот и дека имало расправија помеѓу обвинетиот и оштетената.

Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот во делот каде кажува дека критичниот ден во с.Р. не ја навредил оштетената само ја прашал што бара во с.Р. бидејќи таму немала отидено две години а него му се јавиле на телефон и му кажале да си ја бара жена му, дека го немал примено решението ВПП 2-...., но на вака дадениот исказ судот не му поколони верба од причини што истиот е даден со цел како обвинетиот би ја избегнал кривичната одгворност и е во спротивност со исказите на оштетената и сведокот А. кои кажуваат дека оштетената била навредувана со вулгарни зборови од страна на обвинетиот и тргана за коса, како и дека на ден 11.04.2018г.оштетената била тргана за коса навредувана со вулгарни зборови како и плукана од страна на обвинетиот, како и фактот дека оштетнета веднаш му кажала на обвинетиот за решението за привремените мерки ВПП 2-...., откако таа го добила а од увидот во самите списи на предметот се утврди дека на обвинетиот на два пати му било оставено известие да го подигни решението од судот а и му било испратено и преку пошта а тој не отишол во поштата да го подигни писменото, што занчи знаел за решението и одбегнувал да го прими истото.

Судот ја ценеше одбраната на обвинетиот и во делот каде кажува дека тој претрпел семејно насилство од страна на оштетената дека имало кривична пријава спрема оштетената од негова страна, дека и спрема оштетената со решенеие на овој суд ВПП2.... и биле изречени привремени мерки на претпазливост но истиот непридонесе за утврдување на поинаква фактичка положба од веќе утврдената од причини што во овој дел одбраната на обвинетиот не се однесува конкретно за овој кривично правен настан а и од увидот во спсите на предметите ВПП2-.... како и во КО.бр.... се утврди дека овие списи се однесуваат на друг кривично правен настан кој нема никаква поврзаност со конкретниот кривично правен настан, а од увидот во предметот КО.бр..... кривичната пријава е отфрлена спрема Л. и К.Р..

Судот го ценеше и записник за примање на пријава од 04.10.2018 г. бр. .... но истиот непридонесе за утврдување на поинаква фактичка положба.

Во дејствијата на обвинетиот неспорно се остварени основните обележја на продолжено кривично дело „Неизвршување на судска одлука“ од чл.377 ст.5 в.в. со чл.45 ст.1 од КЗ.

Имено ова кривично дело го врши ,,лице задолжено со судска одлука кое нема да постапи по правосилна судска одлука донесена во постапка за издавање на наредба за заштита на права“ .

Законодавецот за ова кривично дело затвор од една година до пет години.

Со оглед на погоре изведените докази, судот утврди дека во дејствијата на обвинетиот се содржани основните обележја на кривичното дело за кое се товари. Обвинетиот е кривично одоговрен сторител, бидејќи со дејствијата што обвинетиот ги превзел, односно не почитувајќи го решението ВПП2-... од 03.04.2018г. на Основниот суд Битола, иако бил задолжен и знаел за истото на два пати физички и упатувајќи му навредливи зборови, како и тргајќи ја за коса при вршење на семејно насилство ја малтретирал својата сопруга сега оштетената Л.Р.

Од се погоре изнесеното обвинетиот е кривично одговорен сторител, бил свесен дека со своите десјтвија врши кривично дело, и го сакал нивното извршување, не почитувајќи го решението ВПП2-... од 03.04.2018г. Со кое решение према обвинетиот се изречени привремени мерки на заштита и тоа: забрана да се заканува дека ќе стори смејно насилство, како и забрана да малтретира вознемирува или на друг начин да комуницира директно или индиректно со оштетената Л.Р, во времетраење од три месеци.

Имајќи го во предвид сето претходно наведено, судот обвинетиот го огласи за виновен и му изрече алтернативна мерка условна осуда опишана во изреката на оваа пресуда.

При одмерувањето на видот и висината на санкцијата за обвинетиот судот во целост ги ги имаше во предвид општите правила за одмерување на казната, како и околностите што беа од значење за определување на истата, а согласно чл.39 од КЗ. При одмерувањето на казната судот посебно водеше сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите за негова ресоцијализација.

Имено, како олеснувачки околности се ценеше тоа што обвинетиот е пензинер, до сега не е осудуван и не се води друга постапка против него. Како отежнувачки околности судот ги ценеше сите релевантни околности и тоа

степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, тежината на кривичното дело.

Согласно наведеното судот обвинетиот го огласи за виновен и му изрече алтернативна мерка – условна осуда, утврдувајќи му казна затвор во траење од 1 – една година која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 2 – две години не стори дурго кривично дело. Судот смета дека вака изречената алтернативна мерка ќе се постигнат целите на казнувањето од чл.32 од Кривичниот законик, како во поглед на спречување на обвинетиот да се јавува како сторител на кривични дела и негово превоспитување, така и воспитно да се влијае врз поширокатa заедница да не вршат кривични дела.

Бидејќи обвинетиот е огласен за виновен согласно чл.105 и чл.102 ст.2 т.6 и т.8 од ЗКП, судот го задолжи да плати трошоци на постапката во паушален износ од 3.500,00 денари, согласно со времетраењето и сложеноста на постапката и материјалната состојба на обвинетиот, на трезорска сметка на овој суд во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата.

Предвид на погоре изнесеното се одлучи како во изреката

Записничар — С у д и ј а

П.Т. — Ц.Н.

ПОУКА : Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелационен суд Битола.

Д – на : ОЈО Битола, обвинетиот

ПРИЛОГ 2

Анкета – Семејно насилство

1. Дали го знаете значењето на поимот семејно насилство?

- Да

-Не

2. Која категорија на луѓе е под најголем ризик од семејно насилство?

-Брачен другар

-Родители

-Деца

-Лица кои живеат во вонрачна заедница

-Поранешен брачен другар

3. Најчеста форма на семејно насилство е...

-Физичко насилство

-Психичко насилство

-Сексуално насилство

-Економско насилство

4. Фактори кои влијаат на извршување на семејно насилство се...

-Алкохолизам

-Парични проблеми

-Проблеми на работно место

-Невработеност

-Сиромаштија

-Љубомора

-Непослушност

-Одбивање на сексуален однос

5. Најчести сторители на семејно насилство се...

-Мажи

-Жени

6. Која институција најдобро би пружила помош во случај на семејно насилство?

-Центар за социјална работа

-Министерство за внатрешни работи

-Здравствена установа

-Здруженија на граѓани

-Единици на локална самоуправа

7. Дали сметате дека државата може да ги заштити граѓаните од ваков вид на насилство?

-Да

-Не

8. Дали знаете дека постои посебен закон со кој се уредува превенцијата, спречување и заштита од семејно насилство?

-Да

-Не

9. Најчести последици од семејно насилство се...

-Страв

-Срам

-Самозапоставување

-Губење доверба

-Депресивност

-Ноќни кошмари

-Нарушување на исхраната

-Злоупотреба на дрога и алкохол

10. Дали семејното насилство е доста застепено во РСМ?

-Да

-Не

-Незнам.

Користена литература:
Учебници и монографии

1. Арнаудовски, Љ. Криминологија, Скопје, 2007,
2. Бачановиќ, О. "Децата – жртви на семејното насилство", "Безбедност" – ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Министерство за внатрешни работи на РМ, бр. 1-2, Скопје, јануари-јуни, 1999
3. Бејкер, А.В. Данкан, С.П. Детска Сексуална злоупотреба, 1985
4. Валтер, М. Малолетничка деликвенција, Системски преглед, , Универзитет Келн, 1995
5. Василев- Вардарски, Х. Семејно право- второ изменето и дополнето издание-Култура Скопје, 1980
6. Голоб, Р. Краф, П. Патување низ детските права-Девет кратки проекти за основно ниво, 2006
7. Догмановиќ, М. Чичивалиева, С. Анализа од националниот извештај за семејно насилство во РСМ, Скопје, 2008
8. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ, Анализа на законската рамка и институционален одговор кон насилството врз жените, Скопје, 2017
9. Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, ЕСЕ, Истражување-Живот во сенка, 2018
10. Запоставени и жигосани-Анализа на состојбата: Сексуална злоупотреба на децата, УНИЦЕФ, 2010
11. Игнатович, Ц. Криминологија, шесто изменето и дополнето издание, (Службен весник Белград, 2005 година)
12. Јованова, Н. Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2009
13. Калач, Ј. Семејно насилство, 2016
14. Камбовски, Н. Тупанчески, В. Казнено право – посебен дел. Скопје, 2011.
15. Костановиќ-Вилиќ, С. Николиќ-Ристановиќ, В. Костиќ, М. Криминологија, Белград, 2010
16. Министерство за труд и социјална политика, Национална стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2012-2015, Република Македонија

17. Михов, С., Фришчиќ, Ј., “Водич за постапување на професионалните структури при заштита од семејно насилство во казненоправниот систем” , Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ и Здружение на граѓани Акција Здруженска Скопје, Скопје, 2008
18. Нанев, Л. Илиевски, Ј. Јаковческа, Л. Процедури за постапување со дете жртва, Скопје, УНИЦЕФ, 2004
19. Национална мрежа против насилството врз жените и семејното насилство-Глас против насилството, Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Скопје, 2016
20. Национално координативно тело за превенција на семејно насилство, УНДП, Заеднички протокол за постапување во случаи на семејно насилство
21. Поповска, Љ. Рикаловски, В. и д-р Виљагомез, Е. „Извештај од студијата за националната анкета за семејно насилство“, публикација изработена во рамките на Програмата на Обединетите Нации за „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејно насилство“, Скопје, 2012
22. Прошева, А. Бошкова, М. Практичен прирачник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиштата
23. Светски извештај за насилство и здравје, “Резиме – Насилство од интимен партнер”, Светска Здравствена Организација, Женева, 2002
24. Спасовска, С. Јаковчевска, Л. Чаловска, Ц. Треневска, З. Андова, С. Периќ, Ц. Практикум за постапување во случаи на семејно насилство, Академија за обука на судии и јавни обвинители, Скопје, 2012
25. Спасески, Ј. Аслимоски, П. Бачановиќ, О. Педагошка социопатологија, второ дополнето и изменето издание, Битола, 2011
26. Станојоска, А. Виктимологија, Правен факултет Битола, 2015 година
27. Спировиќ-Трпеноска, Љ. Семејно право (второ издание), Скопје, 2004
28. Талевска, А. Правното уредување на семејното насилство во РСМ, 2013
29. Чачева, В. „Истражување семејно насилство 2000“, Меѓуцрковна организација за развој и соработка – ИЦЦО Скопје, 2000
30. Чокревски, Т. Социологија на правото (Општетство и право), Скопје, 1996

31. Buzawa, E. Schlesinger, B. Carl, G., Domestic violence: the criminal justice response, 2003
32. David P. Fidler, Recent Developments: The European Convention for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment, 1989
33. Dominquez R., Nelke C.F. and Perry B.D., Child sexual abuse in: Encyclopedia of crime and punishment, sage publication, Thousand Oaks, 2002
34. Eliasson, P., E., "Muškarci, zene i nasilje" – Razumijevanje i mijenjanje nasilnog ponašanja – Izveštaj iz Centra za muškarce u Štokholmu, Sarajevo, 2002
35. Gelles, J. Richard ,,Family Violence`` in ,,The Handbook of Crime and Punishment`` ed. Torny Michael, Ohford University Press, 1998
36. Gelles, R. J., "Violence in the Family: A Review of Research in the Seventies", Journal of Marriage and the Family, 1980
37. Haarr, R. N. Vrojtim kombëtar me bazë popullatën, Dhuna në familje në Shqipëri, 2013,
38. Hines, A. Denise, Malley-Morrison, Kathleen, "Family violence in the United States"-Defining, understanding, and Compating Abuse, 2005
39. Hillis, S. Mercy, J. Amobi, A. Kress, H. Pediatrics Global prevalence of past-year violence against children: a systematic review and minimum estimates. 2016
40. Ministarstvo za ljudska prava i izbjeglice BiH, Okvirna strategija za provedbu Konvencije o prevenciji i borbi protiv nasilja nad ženama i nasilja u porodici u Bosni i Hercegovini za period 2014.-2018
41. MUŠIĆ, S. Nasilje u porodici kroz pravni okvir u Bosni i Hercegovini, Zbornik radova Pravnog fakulteta Sveučilišta u Mostaru br. XXVI., 2018
42. Petrušić, N. Žunić, N. Vilić, V. Krivično delo nasilja u porodici u sudskoj praksi – nove tendencije i izazovi, Beograd, 2018.
43. Raine, A. "The Psychopathology of crime: Criminal Behaviour as a Clinical Disorder", San Diego: Academic Press, 1993
44. Sanderson, C. Zavodjenje djeteta, Zagreb, 2005
45. Separovic, Z. Viktimologija – studije o zrtvama, Praven fakultet, Zagreb, 1985
46. Straus, M. A., Gelles, R. J. and Steinmetz, S. K., "Behind Closed Doors: Violence in the American Family", New York: Doubleday/ Anchor, 1980 cit. in

Gelles, J. Richard “Family Violence” in “The Handbook of Crime and Punishment” ed. Tonry Michael, Oxford University Press, 1998

47. Universal Declaration of Human Rights, United Nations All rights reserved worldwide, 2015

Нормативни акти

1. Устав на РСМ (“Службен весник на РМ “ бр. 08-4642/1 од 17.11.1991г., 08-44/1 од 06.01.1992г., 07-2717/1 од 01.07.1998г., 07-3795/1 од 16.11.2001г., 07- 4542/1 од 07.12.2005г., 07 - 2055/1 од 12.05.2011г., 08-184/1 од 11.01.2019г.
2. Закон за семејство (“Службен весник на РМ “ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006 и 84/2008) пречистен текст 2008 г.
3. Закон за превенција, заштита и спречување од семејно насилство (“Службен весник на РМ “ бр. 138/2014)
4. Кривичен Законик на РСМ („Службен весник на Република Македонија" број 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 , 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.)
5. Закон за правда на децата Сл. весник на РСМ бр. 148/2013; 152/2019; 275/2019;
6. Европската конвенција за заштита од тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување Сл. весник на РСМ бр. 148/2013; 152/2019; 275/2019;
7. Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жената и семејно насилство донесена од Советот на Европа во 2011 година.
8. Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените донесена од Генералното собрание на ОН на 18 декември 1979 година.
9. Конвенцијата за правата на детето донесена од Генералното собрание на Обединетите нации со резолуција 44/25, од 20 ноември 1989.

10. Конвенција на Советот на Европа за заштита на децата од сексуална експолатација и сексуална злоупотреба усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 јули 2007 година.
11. Универзалната декларација за правата на човекот донесена од Генералното собрание на Обединетите нации на 10 декември 1948 г.
12. Европската конвенција за човечки права донесена од Советот на Европа во 1950 година.
13. Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и спречување на насилството врз жените и семејното насилство 11.5.2011 година
14. Sl. glasnik RS, br. 85/05, 88/05 - ispr., 107/05 - ispr., 72/09, 111/09, 121/12, 104/13, 108/14 i 94/16
15. Zakonik o krivičnom postupku Republike Srbije, Sl. glasnik RS. br. 72/11, 101/11, 121/12, 32/13, 45/13 i 55/14.
16. Zakon o zaštiti od nasilja u porodici Federacije BiH, Službene novine Federacije BiH, br. 20/13
17. Zakon o izmjenama i dopunama zakona o borbi protiv diskriminacije, Službeni glasnik BiH, broj 59/09, 66/16.
18. Податоци од Апелационен суд Битола
19. Податоци од Основен суд Битола
20. Државен завод за статистика

Веб страни

1. https://www.krizencentar.org.mk/index.php/stoenasilstvo (28.12.2019)
2. http://www.ozs.org.mk/nasilstvo/ (28.12.2019)
3. http://semejnonasilstvo.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/ (21.12.2019)
4. https://www.un.org/en/universal-declaration-human-rights/ (19.09.2020)
5. https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cedaw.aspx (19.01.2020)
6. https://www.amnesty.org.uk/what-is-the-european-convention-on-human-rights (19.01.2020)
7. https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/historical-background (19.09.2020)
8. https://www.sos-childrensvillages.org/end-violence-overview (26.12.2019)

9. https://data.unicef.org/topic/child-protection/violence/ (26.12.2019)
10. http://semejnonasilstvo.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/ (28.12.2019)
11. https://au.reachout.com/articles/what-is-physical-abuse (25.01.2020)
12. https://www.thoughtco.com/what-is-psychological-violence-2670714 (25.01.2020)
13. https://www.healthline.com/health/signs-of-mental-abuse#what-to-do (25.01.2020)
14. https://www.verywellmind.com/identify-and-cope-with-emotional-abuse-4156673 (25.01.2020)
15. http://sacha.ca/resources/what-is-sexual-violence (25.01.2020)
16. https://ncadv.org/why-do-victims-stay (25.01.2020)
17. http://vremeprotivnasilja.rs/wp-content/uploads/2017/01/Dodatak-5.pdf (28.01.2020)
18. http://semejnonasilstvo.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/ (28.12.2019)
19. https://profuturo.education/en/2017/11/23/the-history-of-the-convention-of-the-rights-of-the-child/ (19.01.2020)
20. https://www.unicef.org/child-rights-convention/what-is-the-convention (19.01.2020)
21. https://www.unicef.org/child-rights-convention/what-is-the-convention (19.01.2020)